УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" – СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

на тема:

# ИНТЕРАКЦИЈА ПОМЕЃУ СОВРЕМЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ И МЕДИУМИТЕ


**Ментор**

Доц. д-р Тања Милошевска

**Кандидат**

Александар Чиплакоски


Скопје, 2018 година

# СОДРЖИНА


**1.Вовед** .......... 4

1.1. Формулирање на проблемот на истражување .......... 5

1.2. Предмет на истражување .......... 8

1.3. Цели на истражувањето .......... 10

1.4. Хипотетичка рамка .......... 11

1.5. Методи на истражување .......... 12

**2. Современ тероризам** .......... 15

2.1. Дефинирање на современиот тероризам .......... 15

2.2. Концепт на современиот тероризам .......... 20

2.3. Причини, цели и објекти на напад на терористичките организации .......... 24

2.4. Современиот тероризам и неговата асиметрична моќ .......... 27

2.5. Тероризмот како медиумски спектакл .......... 29

2.6. Концептуални и теоретски рамки на терористичката пропаганда .......... 31

2.6.1. Современи модели на терористичката пропаганда .......... 33

**3. Медиуми** .......... 36

3.1. Медиумите како форма на комуникација во современото општество .......... 40

3.2. Влијанието и моќта на медиумите .......... 43

3.2.1. Прв бран на медиумско известување – Феноменологија .......... 44

3.2.2. Втор бран на медиумско известување – Онтологија .......... 47

3.3. Медиумите како оружје .......... 49

3.4. Терористите и нивните медиумски зависни цели .......... 53

**4. Интеракција помеѓу современиот тероризам и медиумите** ........ 58
4.1. Односи помеѓу тероризмот и медиумите ........ 58
4.2. Категоризација на односот помеѓу терористите и медиумите ........ 60
4.3. Нови медиуми-домен и алатка на современите терористички групи ........ 64
4.4. Влијанието на медиумите врз приказот на тероризмот ........ 68
4.4.1. Одлука за кои инциденти да се известува и како да се известува ........ 72
4.5. Емпириски приказ на интеракцијата меѓу тероризмот и медиумите ........ 77
4.6. Нови трендови кои имаат влијание врз тероризмот и медиумите ........ 85
4.7. Препораки за минимизација на ефектот од тероризмот врз медиумите ........ 87
**5. Заклучок** ........ 90
**6. Користена литература** ........ 93

# 1.Вовед

Тероризмот со својата суровост и неизвесен исход, го привлекува вниманието на јавноста пред екраните, радио-приемниците, интернет-страниците, печатот и станува медиумски спектакл сам по себе. Медиумите, пак ја завземаа императорската арена во општствениот живот, гладтта по драматични и невообичаени вести, прецизно е искористена од страна на терористите кои пак во тој контекст секогаш им даваат дозирани и ексклузивни информации.

„Медиумите не станаа само алатка за собирање и дистрибуирање на информациите на некој друг производ, туку произведувач контролор и господар на информациите".[1] Очигледно е дека медиумите и тероризмот се меѓусебно комплементарни, зависни и се надополнуваат, исто како огнот и водата, акцијата и реакцијата, режијата и филмот.

Терористите имаат потреба од публицитет (привлекување на што поголема публика), додека пак медиумите преку својата основна задача – објективно известување, имаат потреба од драматичност, со што би се овозможило зголемено внимание од страна на гледачите. „Терористичките напади често се внимателно испланирани да го привлечат вниманието на електронските медиуми и меѓународниот печат".[2]

Современиот тероризам е скроен да биде прилагодлив на медиумите и современите средства за комуникација, па оттука и целта на терористите всушност е:

- ✓ придобивање на широка поддршка од јавноста,
- ✓ провокација на која определена земја може да одговори брзо, па дури и погрешно,
- ✓ привлекување на нови членови во организацијата,
- ✓ предизвикување на болка, поларизација на јавното мислење и итн..

Медиумите играат витална функција во оваа стратегија, дозволувајќи им на терористите директно да ја прикажат својата порака, да го прошират движењето и нивната кауза, легитимирање на движењето и неговите активности, како и заплашување на противниците.

---

[1] Zinovjev, A. (2003). *Slom ruskog komunizma*, BIGZ Publishing, Beograd.
[2] Hoffman, B. (1998). *Inside Terrorism*, New York, Columbia University Press.

Уште од самите почетоци на медиумското известување можат да се забележат скриени разлики во дефиницијата на она што е тема на самото известување. Веројатно најчести примери се: терорист наспроти напаѓач, демонстрант наспроти насилник, или џихадист наспроти муслиман. Речиси секој медиум во однос на своите интереси ја користи и соодветната терминологија, па така терористичката група против која е спроведена полициска акција една телевизија ќе ја нарече „терористичка", додека друга ќе ја именува како „вооружена". Во зависност од тоа на која страна „вистината" е сервирана од страна на мејнстрим медиумите, така се гради и перцепцијата за личностите или групите кои се тема на известувањето. Како резултат на тоа, се појавува и потребата за генерализација кај луѓето, па сите борци може да станат терористи, невладините организации - насилници, а муслиманите - џихадисти.

Денес, односот (интеракција) помеѓу современиот тероризам и медиумите сѐ повеќе се здобива со внимание од страна на националните влади, меѓународните организации и јавното мислење како сериозна и растечка закана, бидејќи станува збор за многу комплексен феномен кој вклучува широк спектар на активности. Оттука главен проблем на ова истражување ќе претставува проучувањето на односите помеѓу современиот тероризам и медиумите, а одговорот треба да се бара во соодветната тежина од научен но и од практичен аспект.

Истражувањата во овој труд ќе дадат одговори на прашањата, дали медиумите им помагааат на терористите да ја постигнат својата цел, дали медиумите со начинот на кој известуваат, влијаат врз исходот на терористичките инциденти, како и улогата на медиумите што можат да ја одиграат во пресрет на идните терористички напади.

## 1.1. Формулирање на проблемот на истражување

Новата парадигма на тероризмот е делумно последица на брзиот развој на информатичката технологија, што особено се гледа во фактот дека терористичките организации ја имаат признаено важноста и улогата на медиумите во извршувањето на своите цели. Помеѓу медиумите и современиот тероризам има интерактивен (симбиотски) однос, бидејќи трендовите на медиумската индустрија и моделите на медиумските

содржини најчесто се движат во правец на сензационалност што е и причина зошто терористичките организации можат да обезбедат максимална гледаност и внимание од страна на медиумите.

Помеѓу медиумските компании постои жестока конкуренција и во таа немилосрдна борба медиумите имаат тенденција да бидат што побрзи и што поатрактивни во известувањето, обидувајќи се да пласираат информации кои ќе им обезбедат публика – широк аудиториум, со што ќе го зголемат профитот и загарантираат опстанок на пазарот.

Податоците покажуваат дека рејтингот на вестите секогаш расте ако јавноста е сведок на спектакуларни настани. Така нападите на Соединетите Американски Држави - САД од 11 септември 2001 година преку малиот екран во светот ги следеа речиси една милијарда луѓе. Медиумското покривање на герилски и терористички акции на Блискиот Исток во последниве месеци потсетува исто како на периодот по 11 септември, кога медиумите беа преплавени со слики на насилство створени од страна на Ал-Каеда.

Серијата на неодамнешните терористички акти укажува на појавата на трендови кои влијаат врз односот помеѓу медиумите, тероризмот и владата. Тие ги вклучуваат: трендот кон терористичка анонимност, трендот кон понасилни терористички инциденти и трендот кон напади на медиумскиот персонал и институциите.

Терористичките организации постојано се обидуваат да манипулираат и да ја експлоатираат слободата на медиумите во правец на остварување на своите цели. Оттука, евидентно е дека медиумите се тие кои на тероризмот му дадоа глобални достигнувања кои влијаат на начинот на кој јавноста го доживува тероризмот со сериозноста од опасноста која произлегува од него. На ваков начин секогаш е голема веројатноста дека ќе се влијае на политичката одлука како одговор на тероризмот, но и на сите односи кои се формирани од страна на националните и меѓународните политики.

„Терористичките напади често се внимателно испланирани за да го привлечат вниманието на електронските медиуми и на меѓународниот печат".[3]

Фразата дека информацијата е моќ е јасно разбрана од страна на сите партии, медиуми и влади, како и од терористите, нивната публика и нивните противници.

---

[3] Hoffman, B. (1998). *Inside Terrorism*, New York, Columbia University Press.

Терористите кои извршуваат насилни акти се во потрага по три универзални цели: да се добие внимание, да се добие признание за насилниот акт, па дури да се добие и одреден степен на почитување и легитимитет.

Постои симболична врска помеѓу терористите кои сакаат внимание и медиумите кои бараат драматична приказна која ќе го зголеми тиражот и гледаноста. Повеќето медиумски организации иако свесни дека терористичките групи манипулираат со нив, сепак известуваат за значајните случувања, со што постануваат актер на отворената сцена во драмата на тероризмот.

Абрахам Милер истакнува: „Тероризмот е способен за пишување на било која драма - без оглед колку е ужасно да се принуди вниманието на медиумите... тероризмот, може да се перципира како медиумско посвоено дете, кое за жал медиумите, не можат ниту целосно да го игнорираат ниту да го негираат".[4]

Сепак, медиумите не мора да бидат инструмент на тероризмот. Медиумите доколку имаат тактичен пристап можат да се претворат во оружје што може да се користи како важна алатка за победа над терористите, што само по себе значи дека нивниот позитивен придонес може да ги надмине можните негативни последици од неодговорното однесување на голем број новинари и медиумски куќи кои ќе се одлучат да отстапуваат од ова правило.

Истражувањето треба да одговори на следниве прашања:

Како неутрално да се известува за тероризмот, а да се исполнат општествените потреби од информираност од една страна, а од друга страна да не се даде поддршка на тероризмот?

Која и каква е улогата на медиумите во известувањето за тероризмот?

Дали медиумите се тие кои треба да бидат први кои ќе го дигнат својот глас во одбрана на правата на жртвите?

Кои се битните карактеристики на комплексниот однос помеѓу современиот тероризам и медиумите?

---

[4] Tuman, JS. (2003). *Communicating Terror: The Rhetorical Dimensions of Terrorism*, London. SAGE Publications.

## 1.2. Предмет на истражување

Предмет на истражувањето ќе биде интеракцијата (односот) помеѓу современиот тероризам и медиумите.

Актуелноста на ова прашање кое во моментов ја заменува класичната тријада „терористи-жртви-власт" во квартет „терористи-жртви-власт-мас медиуми" заслужува комплетна и веродостојна анализа. Потребата за реална проценка на односите помеѓу современиот тероризам и медиумите е воспоставување и имплементирање на вистинска и успешна стратегија во детерминирање на сите феномени до кои ќе не поврзе истражувањето на оваа тема. Тука ќе се обидам да дојдам до нови сознанија кои ќе бидат од суштинско значење за правилно дефинирање и разграничување на односите помеѓу современиот тероризам и медиумите.

Во согласност со предметот на истражување на овој магистерски труд, се наметнува и потребата од определување на клучни поими кои се поврзани со тероризмот и медиумите, како и со прашањата кои се фокусираат на нивната интеракција во реалноста. Поради тоа во ова истражвање ќе преовладуваат следните клучни поими: тероризам, медиуми, публицитет, средства за информирање, ограничување на медиумската слобода.

**Тероризмот** е претстава каде актери се извршителите на терористичките активности и нивните жртви, а публиката е јавноста и власта на кои се пренесува пораката.[5] Терористите сакаат поголем број набљудувачи, а не голем број на жртви. Политичкиот момент на тероризмот се согледува во дефиницијата во која тероризмот претставува тип на политичко злосторство каде со примена на насилство може да се оствари промена или систематско убивање, разорување или закана со убивање за да се остварат одредени барања.[6] Тероризмот се прикажува како акт на физичко насилство со цел да предизвика силни психолошки реакции, во прв ред страв кај поширокиот дел на населението, се со цел да се придонесе кон одредени промени важни за постигнување на политичката цел.

---

[5] Brian Jenkins. (1986). *International terrorism*. Santa Monica: Rand.

[6] Paul Wilkinson. (2003). 'Why Modern Terrorism? Differentiating types and distinguishing ideological motivations' in Charles W. Kegley Jr. (eds.) *The New Global Terrorism: Characteristics, Causes, Controls* (USA: Pearson Education.

**Масовните медиуми** се во сопственост и под контрола на големите корпорации кои во голема мера се мотивирани од учеството на пазарот и профитот. Ова влијае на нивниот стил, содржина и практики на известување. Објективното известување често се надминува со други фактори, во обидот да се здобијат со поголем удел на пазарот на гледаност. Бидејќи ексклузивните вести се посакувани цели, покривањето на тој начин може да биде селективно, често овозможувајќи јавното мислење и владините изјави да креираат агенда како ќе течат вестите. Во такво политичко и пазарно опкружување медиумите често ќе го изгубат критицизмот за контра-терористичките политики.

**Слободни медиуми и информирање/ограничување на медиумската слобода** - ова право е квалификувано како рамковно право на секој медиум. Се движи од слобода на мислење и слободно индивидуално изразување на мислење, па се до институционална слобода на медиумите.

Слободата на мислење е апсолутно граѓанско право, што значи дека никој не може да го загрози или ограничи човечкото размислување, додека слободата на изразување на мислење се третира како политичко право. Како политичко право може да биде предмет на одредени рестрикции или ограничувања кои мораат тесно да бидат толкувани и во согласност со одредени правно поставени објективни цели.

Се поставува прашањето до каде со слободата на медиумите, кога терористите се почесто преку нив обезбедуваат нови можности врз јавноста да и ги испраќаат своите застрашувачки пораки.

Медиумите преку таква пропаганда стануваат на некој начин моќно психолошко оружје во служба на кампањата за ширење терор. Со вршењето на насилни акции кои секогаш навремено ги пласираат на медиумската публика бараат да се укаже на неизбежноста од победа, оневозможувајќи ја државата и безбедносните служби на соодветен и брз одговор. Секако тука опстојува и фактот дека на ваков начин се придонесува до зголемување на бројот на потенцијални приврзаници и регрути, како и собирање на дополнителни средства кои ќе ги искористат да инспирираат понатамошни дејства.

## 1.3. Цели на истражувањето

Општа научна цел на ова истражување е да се дојде до обезбедување на научни и практични сознанија врз основа на кои ќе се обидеме да ја спознаеме природата, карактеристиките и димензиите на интеракцијата помеѓу современиот тероризам и медиумите.

Практична цел ќе претставуваат резултатите кои ќе се добијат со ова истражување, да истите допринесат во успешно и јасно дефинирање на посочениот проблем – медиумот да не биде злоупотребен од страна на терористичките организации.

Задачи на истражувањето:

- да се утврди дали медиумите треба да се прифатат како оружје на тероризмот, односно дали истите се во корист или против интересите на терористичките организации,
- да се утврди за кои инциденти медиумите треба да известуваат и како тоа да го реализираат, а да не се злоупотреби нивната улога во неутралното и објективно известување,
- да се направи категоризација на односот меѓу терористите и медиумите,
- да се утврди кои се медиумски - зависни цели на терористите,
- да се утврди зошто тероризмот сè почесто се прифаќа како начин за комуникација,
- да се утврдат кои се новите трендови кои имаат влијание врз современиот тероризам и медиумите,
- да се согледаат односите помеѓу современиот тероризам и медиумите;
- да се види колку медиумите можат да бидат клучни во еден терорстички акт;
- да се види кои се најчестите предизвици со кои се соочуваме денес, а се однесуваат на медиумите како продолжена рака на терористичките организации, или истите во трката за објективно информирање претставуваат сериозна препрека.

## 1.4. Хипотетичка рамка

Врз основа на општиот пристап на проблемот околу интеракцијата помеѓу современиот тероризам и медиумите и врз основа на веќе поставените цели на ова истражување, хипотезата на истражувањето во овој труд може да се сумира на следниов начин:

Терористите функционираат во рамките на проминентен пристап во однос на употребата на медиумите. Медиумите играат витална улога во стратегијата на современиот тероризам, дозволувајќи на терористите директно да ја прикажат својата порака, да ги заплашат противниците, да го прошират движењето и својата кауза, да го легитимираат движењето и неговите активности.

Покрај општата хипотеза ги поставуваме и следниве **посебни** хипотези:

- Во општествата каде постојат демократски услови медиумите секогаш треба да бараат начини да се соочат со тероризмот. Отвореноста на медиумите, како и борбата за опстанок на медиумските куќи за гледаност и тираж ги прави тешки условите за спротиставување на тероризмот.
- Современиот тероризам на медиумите може да влијае во две насоки: **прво**, медиумите да се инструментализираат за целите на терористичките организации и **второ**, да го ограничат медиумот во поглед на слободата на известување во рамките на борбата против тероризмот.
- Интеракцијата помеѓу современиот тероризам и медиумите претставува симбиотски однос.
- Терористите можат да ги користат медиумите како тајмери да започнат напад или за било каква организациска потреба.
- Современите терористички чекори го променија концептот на комуникација преку која власта ги брани своите постапки пред широката јавност и бара поддршка за својата политика.

- Ако тероризмот е стратегија карактеризирана со симболични напади врз симболични цели, исто така е стратегија карактеризирана со меѓународна манипулација на медиумите.
- Одговорно и точно известување може да ја зајакне и зацврсти безбедносната култура и да ја зголеми будноста на јавноста и граѓаните.
- Како што медиумското опкружување станува сè повеќе децентрализирано и конкурентно, медиумите можат да се обидат да го задржат уделот на пазарот преку посветување повеќе внимание на терористичките напади кои употребуваат нови тактики, кои се особено насилни.
- Со известување на терористички напади, медиумите имаат улога во пренесување на терористичките пораки до масовна публика.
- Терористите сакаат квази-законски статус, ист или сличен медиумски третман кој го добиваат и легитимните политички актери.
- Терористите се ефикасни во манипулирање со медиумите за да ги пренесат своите пораки до масовната публика и да се здобијат со симпатизери и поддржувачи.

Од горе наведеното медиумите играат витална улога во стратегијата на современиот тероризам, дозволувајќи им на терористите директно да ја пренесат својата порака, да ги заплашат противниците, да го прошират движењето и својата кауза, да го легитимираат движењето и неговите активности.

## 1.5. Методи на истражување

При изработка на трудот користени се истражувачки постапки врз основа на кои од претходното познавање за предметот на истражување се доаѓа до понатамошно и попотполно знаење. Приодот во изработката на овој труд ќе биде со користење на повеќе методи. Генерално трудот се базира на методите на анализа и синтеза, индуктивно-дедуктивниот метод, историскиот метод и компаративниот метод.

Основната цел на користење на овие методи е да се соберат информации кои поблиску ќе го истражат типот на односи кои можат да се формираат помеѓу терористичката група и медиумите. Заклучувањата се вршени по пат на **дедукција**.

За добивање на потребните резултати, а за воопштување и разјаснување на теоретските аспекти околу улогата на медиумите во терористичката средина, интеракцијата помеѓу медиумското известување и употребата на насилство околу терористичките движења ќе се консултира бројна, пред се меѓународна научна и стручна литература, но ќе се користат и публикации, статии, списанија и други документи кои се однесуваат на предметот на истражување, како и секундарни извори на податоци и сопствени истражувачки зафати.

**Индуктивниот метод**, ќе заземе своја примена, во однос на начинот на согледување на типот на односи кои можат да се формираат помеѓу терористичките групи и медиуми, а кој се темели на комплетна анализа на поединечните и важни фактори, при што од конкретни поединечни безбедносни ситуации се доаѓа до општи заклучоци. На ваков начин ќе дојдеме до целокупно заклучно согледување на предметот на истражување, по прашањето како медиумот да известува во врска со терористичкиот акт, а при тоа истиот да не биде во прилог на терористичката цел - идеја.

Примената на **дедуктивниот метод** резултира со издигнување на општите познавања за она што всушност претставува интеракцијата на современиот тероризам и медиумското известување, па се до основните поединечни и посебни познавања во однос на немилосрдната борба на медиумите како да дојдат до што побрзи и поатрактивни известувања кои за себе ќе им обезбеди поголем аудиториум, зголемување на профитот и загарантирана позиција на пазарот - медиумите стануваат неслужбен помагач на терористите.

**Методот за анализа и синтеза** ќе се користи во однос на проучување и извлекување на одделни поими, судови и заклучоци во развојот на теоретските и практичните аспекти од примената на статистичките податоци за согледување на односите помеѓу современиот тероризам и медиумите.

**Историскиот метод** ќе најде примена со цел да се осознаат и искористат на глобално ниво искуствата од минатото, феноменот на односите помеѓу современиот тероризам и медиумите воопшто. На тој начин ќе се согледа историската ретроспектива за состојбите кои се случувале наназад во минатото. Со цел веродостојна примена на овој метод, ќе биде користена соодветна научно верификувана документација и литература.

**Компаративната метода** ќе заземе место во онаму каде постои потреба од споредување на одредени прашања кои се однесуваат на односите помеѓу современиот тероризам и медиумите, како и на анализата на одредени ситуации кои се случувале во минатото, а што се присутни и денес. Оваа метода ќе се користи со цел да се изврши делумна квалитативна и квантитативна селекција и анализа на прибраните податоци и врз основа на тоа ќе се воопштат релеватните факти за потврдување или негирање на поставените хипотези.

## 2. Современ тероризам

### 2.1. Дефинирање на современиот тероризам

Современиот тероризам претставува нов феномен, првенствено затоа што тој системски се оправдува со една стратегија, која само навидум е парадоксална, а би можела да се нарече милитаризација на цивилното општество. Обидот тероризмот сериозно да се промисли како феномен за кој последниве години (повторно) толку се расправа, го поставува негово интелектуално соочување со концептот на насилството. Ваквата намера е однапред сама по себе контрадикторна. Насилството во суштина ја актуелизира свеста на поединецот за сопствената биолошка ограниченост, со посредство на стравот од болка (или закани за нејзино предизвикување). Проблемски гледано, комплексот е далеку посложен: теророт не е просто насилство (ниту пак секое насилство делува терористички); теророт е симболички ориентирано насилство, па како такво, тоа претставува употреба на насилство кое го „надминува" непосредниот објект на насилниот акт. Жртвата на теророт најчесто не е и жртва на непосредно насилство, туку насилство над (случајно, или заради симболични причини намерно) избрана жртва, која ја пренесува пораката на терористите до непосредните или медиумски посредуваните сведоци.[7]

Современиот тероризам отсликан со неговата комплексност, динамичност и интензивност, претставува најголема закана на индивидулната, национална и меѓународна безбедност, идентично како и вирусот кој генетскиот материјал на домаќинот го заменува со својот и притоа, пренесувајќи ја својата генетска порака врз општеството кое постанува негова жртва.

За да се дефинира и согледа неговата севкупност, потребен е интердисциплинарен пристап, компаративно научно и стручно истражување во повеќе области, со цел меѓународната заедница да формулира универзална, законски обврзувачко-кривично правна дефиниција за тероризмот, а врз чии основи би можела да гради, развива и спроведува кохезивни и ефикасни контратерористички мерки, кои ќе подржуваат билатерални и мултиратерални цели.

---

[7] Жарко Пуховски, (2011), Постмодерен сендвич:човековите права меѓу тероризмот и безбедносната политика на почетокот на новиот милениум, *Безбедносни дијалози*, бр.2, Филозофски факултет, Скопје

За да се има подобра претстава за тоа колку е значајно одредувањето на дефиницијата за тероризмот ќе наведеме неколку причини:[8]

- развивање на ефективна меѓународна стратегија,
- меѓународна мобилизација против тероризмот,
- да се формулираат и применуваат меѓународни договори против тероризмот,
- точното одредување на дефиницијата ќе се овозможи правно нормативна рамка, за казна против сите оние кои се вклучени во/или го овозможуваат и поддржуваат тероризмот,
- со дефинирањето на тероризмот ќе се оневозможи терористичката организација да постигне јавно признание како и ќе се намали можноста од давање поддршка на секој оној кој е подготвен да помогне,
- конечно преку оваа дефиниција, голема е веројатноста терористичката организација согласно моралните сфаќања да се откаже од терористичките активности и да се насочи кон алтернативен правец за постигнување на посакуваната цел.

Во својот појавен облик, современиот тероризам неминовно доаѓа во судир со правниот поредок на секоја држава како опасен извор на загрозување, односно претставува криминална повреда на националниот или меѓународен правен кодекс. Тероризмот се разликува од криминалот, (терористите на прво место го избираат насилството како инструмент), а може да се дефинира како неовластено насилство врз луѓето кои не се во војна, при што разликата е во сфаќањето на терористите за она што го прават односно природата на чинот кој заплашува, а не во идентитетот на извршителите или природата на нивните идеали. За таа цел, од суштинско значење е да се расветли феноменот на тероризмот и како кривично дело:[9]

- тероризмот претставува кривично дело што е насочено против одреден државен поредок и против легитимно избраната власт на конкретната држава;
- тероризмот претставува кривично дело што во описот на своето битие ги содржи следните елементи: насилство, терор, застрашување, уцени, земање заложници, киднапирање, закани итн;

[8] Boaz. G. (2004). „Defining Terrorism: Is One Man's Terrorist another Man's Freedom Fighter? ", преземено од Alex Schmid. *Terrorism: The Definitional Problem*", War Crimes Research Symposium: Terrorism on Trial.
[9] Тања Милошевска. (2016) *Модели на поврзаност на тероризмот и на транснационалниот организиран криминал*. Филозофски факултет, Мар-Саж. Скопје.

- тероризмот претставува кривично дело што е насочено кон граѓаните и кон претставниците на воено-безбедносните формации на државата;
- тероризмот претставува кривично дело што е тесно поврзано со политиката;
- тероризмот претставува кривично дело што се финансира и е тесно поврзано со блиските и сродни инкриминации, кои, во суштина, ги претставуваат и основните извори за нивно финансирање: трговија со дрога, трговија со оружје, нуклеарна, хемиска и биолошка пролиферација, трговија со луѓе, поврзаност со феномените на транснационалниот организиран криминал, а посебно со финансискиот криминал и со рекетирањето.
- мотивацијата на терористичкиот чин може да има социјална, политичка, филозофска, идеолошка, религиозна, културна и етничка основа[10].

Анализите на големиот број „западни автори" кои работат на полето на истражување за дефинирање на тероризмот сугерираат дека „заеднички именител" претставува: незаконска калкулирана употреба на сила и насилство – што значи терористичкиот акт не е случаен (терористите добро знаат што прават), изборот на цел е селективен, планиран, рационален, односно се има „проекција" за очекуваниот ефект од самиот акт, а самиот чин на терор има политичка цел.

Дефиницијата за тероризмот на ОН гласи: секој чин извршен со намера да предизвика смрт или тешка телесна повреда на цивил или било кое друго лице кое не учествува во непријателствата во ситуација на вооружен конфликт, кога целта на тој акт, според неговата природа или контекст, е да ја заплаши популацијата или да ги принудат властите или меѓународна организација да направат или да се воздржат од правење на одреден чин.[11]

За одредена појава да се окарактеризира како тероризам, самиот чин на терор мора да има политичка цел. Тероризмот претставува спој на политика и насилство со тенденција да се добие моќ. Насилството е основен предуслов на тероризмот и на неговите актери кои мислат дека само преку насилство во општеството можат да ги постигнат нивните долгорочни политички цели.[12]

---

[10] Митко Котовчевски. (2003). *Современ тероризам*, Македонска цивилизација, Скопје, стр, 82-83.
[11] Article 2(b) of International Convention for the Suppression of the Financing of Terrorism, May 5, 2004.
[12] Hoffman, Bruce (2006.) *Inside Terrorism*. New York: Columbia University Press.

Тоа е облик на таканаречен асиметричен конфликт, специфична форма на политичко – воена интервенција меѓу два актери.[13] Брајан Бургон[14] смета дека тероризмот е политички мотивирано насилство против неборбени сили, додека Чарлс Тили го проучува тероризмот како политичка стратегија која ја имплементираат оние кои се обидуваат да ја централизираат својата моќ или оние кои, по пат на страв, се обидуваат да ја предизвикаат државата со цел да се здобијат со моќ или предност.[15]

Заклучокот од досегашниве согледувања за поимот тероризам, како облик на криминална активност ги содржи следниве карактеристики:

- извршување на акти на насилство;
- застрашување или создавање чувство на страв,
- загрозување и повредување на вредности како што се животот, здравјето, моралниот интегритет, имотот, јавната и државна безбедност;
- мотив за извршување кој се согледува во исполнување на одредена политичка, социјална, национална, идеолошка или религиозна цел.

Постојат четири доминантни модели кои го детерминираат тероризмот (како творби на политичко насилство), а кои последователно допринесуваат за оформување на контратерористичката практика:

(1) тероризам како вид на криминал;
(2) тероризам како форма на војување;
(3) тероризам како борба за ослободување/осамостојување, кој се спроведува од репресивни малцински, политички или религиозни групи;
(4) тероризам како насилна реакција.[16]

<u>Тероризмот како вид на криминал</u> (употреба на насилство за заплашување со цел стекнување на финансиска добивка) и <u>тероризмот како форма на војување</u> (употреба на организирано насилство помеѓу политички единици – држави, помеѓу вооружени сили на држава и вооружени групи формирани врз различни основи – бунтовници/борци за

[13] Lizardo, Omar (2008.) „Defining and Theorizing Terrorism: A Global Actor-Centered Approach". *Journal of World-Systems Research*, XIV (2):91-118, *http://jwsr.ucr.edu/archive/vol14 /index2. Html.*
[14] Burgoon, Brian (2006.) "On Welfare and Terror: Social Welfare Policies and Political-Economic Roots of Terrorism". *Journal of Conflict Resolution*. 50 (2):176-203.
[15] Tilly, Charles (2005.) "Terror as Strategy and Relational Process". *International Journal of Comparative Sociology*, 46 (1-2):11-32.
[16] Тања Милошевска. (2018). *Глобален тероризам*. Филозофски факултет, Мар-Саж, Скопје.

човекови права) вообичаено се пристапи на владините контратерористички политики. Моделот - тероризам како борба за ослободување/осамостојување, кој се спроведува од репресивни малцински, политички или религиозни групи претставува идентификација на терористите со оние кои бараат промена на ситуацијата – статус кво (употреба на насилство со цел да се предизвика промена преку создавање на страв), додека пак моделот - тероризам како насилна реакција, (нелегитимна и незаконска форма на употреба на сила и насилство против лица) го рефлектира разбирањето за политичките и социо-економските варијабли кои комуницираат за да се создаде комплексност на политичкото насилство и тероризмот.[17]

Насилството со кое се служат криминалните групи за остварување на нивните намери и цели (напади, убиства, вооружени кражби) не го детерминираат тероризмот во својата форма и суштина каков што всушност тој претставува денес. Додека пак класификацијата на тероризмот како форма на војна, а не како вид на криминал, според одредени експерти од оваа област им овозможуваат на терористите оправдување на нивните постапки во рамките на оправданото и прифатливо меѓународно однесување. Војната во принцип е предмет на меѓународното воено право, а терористите не признаваат правила и норми што доведува до фактот на непредвидливост, односно ни една личност, место, објект од значење не е имун на терористичкиот акт. Женевските конвенции од 1949 година како и двата Протоколи од овие Конвенции од 1977 година, јасно дефинираат дека терористичката организација не е страна на вооружен судир, а терористите не може да се споредат со борци, востаници, диверзанти, заробеници, ниту пак истите може да се повикаат на правилата на војување.

Овие несогласувања околу прецизното дефинирање на тероризмот, во голема мера го комплицираат криминалистичкото и судско гонење, а секако го ограничуваат и правосудството во неговото благовремено и ефикасно дејствување. Од оваа причина голем број на аналитичари се залагаат тероризмот да се дефинира според природата на чинот, а не според идентитетот на извршителите или според природата на нивните идеали.

[17] Тања Милошевска. (2018). *Глобален тероризам*, Филозофски факултет, Мар-Саж, Скопје.

## 2.2. Концепт на современиот тероризам

Со бледнеењето на идеолошката мотивираност на терористичките групи, тероризмот не само што го преживеа неуспехот на Студената војна туку достигна и ренесанса на глобален план како најопасна глобална закана за мирот и безбедноста на сите нивоа. Фактот што е сé поприсутен на глобалната сцена, паралелно со националната, неопходно е да се додаде и меѓународна димензија бидејќи денес сé помалку постојат „чисти" внатрешни терористички организации, а што немаат изградено силни врски со определени меѓународни организации. Домашните терористички кампањи вклучуваат и меѓународни елементи како што се финансирањето, набавката на оружје и експлозиви, политичките врски со слични терористички организации, размена на инструктори, како и други видови на директна и индиректна поддршка и помош вклучително и врските со меѓународниот организиран криминал кој се јавува како значаен спонзор. Меѓусебната поврзаност и испреплетеност помеѓу внатрешните и меѓународни терористички организации (огромниот број на извори за финансирање и логистичка поддршка дисперзирани во повеќе држави низ светот), значително ја мултиплицира нивната моќ, што секако ги зголемува напорите за нивно целосно елиминирање.

Во деведесетите години, терористичките групи поминале низ таканаречената револуција на терористички активности каде мотивацијата и структурата на дејствување се изменила со цел да одговори на новото глобално опкружување, па така од политички мотивиран и спонзориран од државата тероризам, тероризмот во деведесетите години е религиозно ориентиран (исламските екстремисти) или пак има етничка димензија. Терористичките групи не се повеќе хиерархиски организирани и имаат структура во вид на мрежи со релативно независни ќелии.

Целта да се привлече внимание со минимална загуба на човечки животи не е повеќе применувана од современите терористи кои ги спроведуваат своите цели преку драматични напади што резултираат со масовен број на жртви.[18] Иако традиционалниот тероризам од 70-тите и од 80 – тите години не е целосно исчезнат, во 90 – тите години започнува да преовладува „новиот тероризам" на меѓународната сцена, импликативен

[18] Stefan Mair. (2003). *The New World of Privatized Violence*, IPG 2.

преку Ал-каеда и настаните од 9/11, кои значајно влијаеа врз меѓународната безбедност. Терористичките групи кои припаѓаат на новиот терористички бран се:

- ✓ децентрализирани и многу поделени,
- ✓ групите немаат единствен централен водич,
- ✓ групите немаат централно сместени бази,
- ✓ членовите имаат големо борбено искуство и слобода на движење
- ✓ насоките во планирање на операциите се раководат од индивидуални ќелии [19]

Новиот транснационален тероризам го спороведуваат недржавни учесници, кои делуваат во лабаво организирани глобални мрежи, финансиски добро поддржани од приходи на бројни легални и нелегални извори, независни од спонзорството на државата.

За разлика од терористите во минатото, современите терористи не зависат од било која држава, според тоа не се служат со традиционалната дипломатија или со воена закана, не постои држава со која треба да се преговара или држава на која треба да се одмаздува и имаат пристап до различни извори на финансирање и технологии.[20]

Современиот тероризам се одликува со воен карактер, екстремна бруталност, нов стил на дејствување многу поразорен и поубиствен во споредба со традиционалниот тероризам. Новите терористички организации постојано го усогласуваат своето дејствување со современите процеси, достигнувањето во науката и техниката, особено со примената на комуникациските технологии и употребата на интернетот за потребите на пропагандата, регрутирањето, индоктринацијата, собирањето средства и водењето психолошка војна.

Димензијата која го идентификува современиот тероризам е претставена во организациската структура и радиусот на дејствување на терористичките мрежи, кои се првенствено организирани во корпорациски систем на дејствување, по модел на внатрешната структура на мултинационални корпорации, што подразбира висок степен на внатрешна децентрализација, помала улога на лидерот, односно централата, што пак создава слика на невидлив центар од кој пулсираат нови мотивирачки идеи и идеолошка платформа, прифатливи и рационални за голем број на млади и образовани поединци. Оваа современа терористичка мрежа прераснува во виртуелен глобален систем, кој тешко

[19] Митко Котовчевски. (2003). *Современ тероризам*, Македонска цивилизација, Скопје, 2003, 294-295
[20] Russell D Howard, Reid L Sawyer. (2006). *Terrorisam and Counterterrorism: Understanding the New Security Environment*, Dubuque, Iowa: McGraw Hill Contemporary Learning Series, pp. 93-101.

се лоцира и идентификува, способен да ја користи современата технологија за собирање на потребни информации за извршување на терористички операции. Новите терористички организации фокусирани се на глобален противник и на глобални прашања, а често во начинот на дејство користат самоубиствени напади како дел од комплексниот начин на терористичко дејствување со специфична стратегиска цел: да ги принудат демократиите да ги повлечат своите воени сили од територијата што е од терористичко значење.

| *Терористичко опкружување* | *Селекција на цели* | *Биланс на жртви* | *Организациски профил* | *Избор на тактичко оружје* | *Типични мотиви* |
|---|---|---|---|---|---|
| Традиционален тероризам | 'Хируршки прецизно" и симболично | Ниско и селективно | Хиерархиски организиции или движења | Конвенционално мало и лесно оружје и употреба на експлозиви | Левичарски и етно-центрични |
| Нов тероризам | Недискримиирачко со употреба на асиметрични методи | Високо и недискриминирачко со голем број жртви | Ќелијски основани мрежи со минимален број линии на команда и контрола | Нековенционално со тенденција за набавка на оружје за масовно уништување; **Употреба на интернет и манипулација на медиумите** | Верски/ религиозни |

Табела: Компарација на стариот-традиционален тероризам со новиот/современ тероризам [21]

[21] Види пошироко во: Gus Martin. (2011). *Essentials of Terrorism-Concepts and Controversies*. Sage Publications. 300.

Современиот тероризам се одликува со верски фанатизам, мотивиран од верски императиви и предизвикува посилни акти на насилство, со поголем број на жртви и поголеми разурнувања отколку актите на терористичко насилство предизвикани од секуларните и традиционални терористички организации.

Новиот тероризам се одликува со воен карактер, екстремна бруталност, односно нов стил на дејствување, кој ќе биде поразорен и поубиствен во споредба со традиционалниот тероризам. Новите терористички организации постојано го усогласуваат своето дејствување со современите процеси, достигнувањата во науката и во технологијата, особено преку примената на комуникациските технологии и употребата на интернетот за потребите на пропагандата, регрутирањето, индоктринацијата, собирањето средства и водењето на психолошка војна. Една од круцијалните димензии што го идентификува новиот глобален тероризам претставува организациската структура и радиусот на дејствување на терористичките мрежи, кои првенствено се организирани во корпорациски систем на дејствување, по модел на внатрешната структура на мултинационалните корпорации, што подразбира висок степен на внатрешна децентрализација, помала улога на лидерот, односно централата што пак создава слика на невидлив центар од кој пулсираат нови мотивирачки идеи и нова идеолошка платформа, со помош на која тероризмот се чини прифатлив и рационален за сè поголем број млади и образовани поединци.[22]

Оваа нова современа терористичка мрежа прераснува во виртуелен глобален систем, кој е многу тешко да се лоцира и да се идентификува, систем способен да ја користи современата технологија за собирање на потребните информации за извршување на терористичките операции.

[22] Тања Милошевска. (2018). *Глобален тероризам*. Филозофски факултет, Мар-Саж, Скопје.

## 2.3.Причини, цели и објекти на напад на терористичките организации

Европа денес е соочена со терористички напади, чија што цел е создавање на исламски калифат, со строги религиски закони изразени преку шеријатот. Целта на терористите е јасна, предизвикување на страв, паника, несигурност помеѓу граѓаните на Европа, со порака дека никој повеќе не е сигурен и дека војната се преселува и на европско тло. Друга цел на терористите е сеењето на недоверба, омраза помеѓу европјаните и муслиманите што од друга страна, во иднина ќе доведе до немири, тензии и напади едни на други.[23]

Причините и околностите за појавата на тероризмот како сложен феномен се специфични и разновидни во различни региони и земји, времиња и околности во кои се појавуваат, па аналогно со тоа се покажува и целокупната сложеност во дефинирањето на истите, особено во толкувањата на причините на најновиот бран меѓународен тероризам.

За појавата на терористичкиот акт, значајно влијание имаат:

- *објективни околности*: неправдите и несовршеноста во економска основа и политичка надградба на општеството (не-функционирање на институциите, нискиот степен на образование, сиромаштијата, изолираност на поединци и општествени групи, корупцијата, последици од одредени конфликтни состојби, губење на довербата во политичкиот систем, легитимноста на државата и сл.)
- *субјективни околности*: - „преземање на работите во свои раце", каде проценката од таквата неодржлива состојба единствено може да се промени со насилство, како единствена можна и ефикасна варијанта на дејство и реализација на поставените цели.

Факторите кои допринесуваат за создавање на терористичкото насилство се:

- *политички* – непопуларна, репресивна и корумпирана власт. „пример за тоа се случувањата во Јужна Африка, каде што по излегувањето од колонијалниот принцип на владеење, беа воспоставени влади во чиј состав влегоа субјектите кои беа склони на корупција и криминал." [24]

---

[23] Campo, J. E. (2009). *Encyclopedia of Islam*. Infobase Publishing. Madrid, p. 88.

[24] Злате Димовски, Ице Илијевски. (2011). *Меѓународен тероризам*, Факултет за безбедност, Скопје, стр. 112.

- *општествени* - најчесто поврзани со општествениот поредок во една држава и директно зависи од начинот на поставеност на општествените структури и односи меѓу општествените слоеви во регионот или државата.

- *економски* - поврзани со сиромаштијата и бедата па во вакви околности народните маси користат разновидни начини и средства за искажување на незадоволството, најчесто преку демонстрации, непослушност и други деструктивни начини

- *религиозни* - се поврзани со поинаквите гледишта и верувања, верски судири, насилства, при што се доаѓа до спротивставени интереси.

- *идеолошки* - се поврзани со егзистирањето на политички филозофии и силно изразената спротивставеност.

- *надворешни влијанија* - производ на политиката и техничко - технолошкиот развој.

Целите на тероризмот се секогаш политички обоени и можат да бидат различни, почнувајќи од изнудување на одредени отстапки, преку промена на дел од внатрешната и надворешната политика па се до јасно манифестирана желба за соборување на поредокот односно освојување на власта.

Политичките цели на терористичката активност можеме да ги групираме во посредни и непосредни.

- *непосредните цели* се стекнување публицитет за своите дела и идеи, потоа нанесување штета врз меѓународниот углед на одредена земја, предизвикување принуди, разни изненадувања, обезбедување на симпатии на одредени слоеви и маси, вршење притисок врз оние кои ја подржуваат антитерористичката активност.

- *посредните цели* можат да бидат конкретни (преземање и консолидирање на политичка власт во одредено општество) или неодредени (покренување светска револуција во интерпретација на оние терористички групи чии цели ги надминуваат националните граници, а кои ги нарекуваат анархисти), а такви се црвените бригади, црвената армија, раф, директна акција и други.

Тероризмот е програмиран да постигне една или истовремено повеќе цели[25]:

- добивање на општо, светско, национално и локално признавање на нивната цел;
- да предизвика претерана реакција од страна на власта и да создаде атмосфера на наклонетост спрема терористите;
- да ги напаѓа, ослободува и понижува владините сили за безбедност, намалувајќи ја нивната ефикасност и доверба;
- грабежи со цел на добивање на пари, оружје, муниција и опрема;
- уништување на тактички и симболични цели и мети;
- одвраќање на странски инвестиции и програми за помош;
- отстварување на влијанија врз решенијата на владата, законодавството;
- одмазда.

Значајна цел на терористичките напади, односно жртви на терористите можат да бидат разни политички личности, функционери, судии и јавни обвинители, високи воени и дипломатски претставници, банки, полициски станици, деловни и јавни објекти, а секако тука не заостануваат и медиумите[26] .

При изборот на жртвите, односно објектите на напад, се врши таканаречен селективен терор. При овие напади терористите ги користат следниве видови и методи на терористички операции и тоа:

- атентати,
- грабнувања или земање на заложници[27],
- киднапирање на авиони[28], уривања со експлозии,
- подметнување пожари и други диверзии.

Најважен елемент кај сите облици на тероризмот е насилството, кое претставува средство за постигнување на одредена политичка цел.

---

[25] Котовчевски Митко. (2003). *Современ тероризам*, Македонска цивилизација, Скопје, стр.101-102.

[26] Медиумите се целна група на терористичките акти кои сериозно влијаат на јавноста преку медиумското покривање на самиот акт, водени од мотивот за профит, известувајќи преку слика и тон, дури и подлегнуваат од позиција на потчинетост на самите терористи.

[27] Киднапирањето претставува ситуација кога терористите држат лица заробени против нивната волја, на непозната локација, а со цел да се искористат како ,,делови" за спогодба (исполнување на барања).

[28] Земање на заложници претставува ситуација кога терористите држат лица заробени против нивната волја, на позната локација, а со цел да се искористат како ,,делови" за спогодба (исполнување на барања) на утврдена локација, одбивајќи ги барањата на полицијата за да се предадат.

## 2.4. Современиот тероризам и неговата асиметрична моќ

Политичкото насилство не е нов феномен. Примената на сила, како средство за постигнување политички цели, претставува основен аспект на политиката од древни времиња. Без разлика на тоа дали се спроведува од страна на оние што се на власт, (како пример, државниот терор од страна на нацистичка Германија или сталинистичка Русија) или од страна на оние што бараат политичка промена, примената на сила за постигнување политички цели е и заедничка и природна.

Политиката ретко претставува игра меѓу еднаквите, а битката за моќ меѓу оние што ја имаат и оние што ја посакуваат според својата природа претставува неизбалансирана битка. Во суштина, таа е асиметрична. Денес, на почетокот на XXI век, балансот на глобалната сила останува во рацете на западните отворени општества. Сепак, по својата природа, отворените општества се на специфичен начин ранливи во однос на ескалирачката форма на асиметричното политичко насилство.

Ако постои победничка формула во која било асиметрична битка, таа би се состоела во изнаоѓањето и искористувањето на слабоста на непријателот, што е можно порано и почесто. Тоа е формула која е сфатена од страна на кинескиот теоретичар Сун Цу, германскиот Клаузевиц, мислителите за герилски тактики од XX век, денешните теоретичари на четвртата генерација на војување и спречување бунт и решителниот напад врз Ирак. Едноставно кажано, со зборовите на Самуел Шуберт, се работи за вештина на претворање на нееднаквоста во предност.[29]

Во последните 50 години оваа стратегија прерасна во тренд. Во битките помеѓу слабите и силните, слабите сè почесто ги добиваат војните. Меѓу 1800 година и 1949 година, четири од пет асиметрични конфликти резултираа со победа за силните актери. Сепак, во периодот меѓу 1950 година и 1998 година, трендот драматично се промени. Во далечните места како Куба, Алжир, Мозамбик, Авганистан и Виетнам, послабите сили победуваа во 45% од случаите. Апсолутните сили од аспект на опрема и човечки

[29] Samuel R. Shubert. (2005). *the Asymmetry of Political Violence: Terror and the Terrorist*. The Austrian National Defence Academy.

потенцијал не се повеќе гарант за победа. Наместо тоа, послабите сили сè повеќе избираат индиректни битки во урбани средини.[30]

Во дејствувањето насочено кон заштита на сопствените граѓани, многу западни демократски влади ја зајакнуваат безбедноста, ограничувајќи ја приватноста и домашните индивидуални права, а водат војни надвор од своите граници. Постојаната закана од напад негативно влијае врз слободните пазарни економии, зголемувајќи ја цената на добрата и услугите, нарушувајќи ја слободата на печатот, ограничувајќи отворени дискусии за домашни и меѓународни прашања, загрозувајќи ги меѓународните алијанси и основното функционирање на отворените влади. Спротивставувањето на оваа закана е неопходно за опстојувањето на моделот на западната демократија, слободното движење, изразување и приватност.

Опасниот тренд ја наметнува најсериозната закана која може да се замисли за отворените општества и нанесува удар на непроценливото чувство на безбедност, кое е од суштинско значење за слободното движење. Накратко, најголемата закана од тероризмот за отворените општества лежи во немирот што тој го поттикнува, наведувајќи ги граѓаните доброволно да ги жртвуваат своите права и слободи кои тешко ги заработиле, во потрагата по безбедност, со што во крајна инстанца се менува природата на самите отворени општества.

Терористите од минатото, како што е „Палестинската ослободителна организација", се обидуваа да ги освојат срцата и воодушевувањата на јавноста во нивната битка за националистичките и идеолошките аспирации.[31] Денешниот тероризам, особено оној на „Ал Каеда" и „Исламската држава", нема таква цел. Наместо тоа, тој има за цел да воведе хаос и безредие, каде воопшто не станува збор за промена на владина политика, туку за уништување на институциите и за фабрикување на отворените општества и нивно заменување со теократска власт. Со цел да се овозможи справување со оваа закана, потребно е таа да се разбере. Тероризмот има историја, развојна линија со текот на времето, која може да се следи и од која може да научи.

---

[30] Diaz-Paniagua (2008). *Negotiating terrorism: The negotiation dynamics of four UN counter-terrorism treaties*. New York, p. 62.

[31] Emerson, S. (2002). '*Fund-Raising Methods and Procedures for International Terrorist Organizations*.' Testimony before the House Committee on Financial Services, Lund, p. 120

## 2.5. Тероризмот како медиумски спектакл

Тероризмот станува медиумски спектакл, кој со својата суровост и неизвесен исход, ве привлекува пред екраните, радио-приемниците, печатот и интернет-страниците. Тоа веќе не е проблем на богатите „демократски" држави, туку глобален проблем, чие решавање е важно за опстанокот на цивилизацијата. „Нашите луѓе сакаат да умрат, исто толку колку што Американците сакаат да живеат", наведува францускиот модернист Бодријар, како мото на исламските милитаристи, истакнувајќи дека сега сите танцуваат околу смртта - вистински, симболички и ритуално-жртвени.[32] Симболичната моќ на приоритет, добива медиумски карактер бидејќи е претставена со говор и вештачка слика на реалноста, која на привилигираните елити им носи политичка и економска корист. Како да се известува за терорстичките акции, кои не подлежат на фасцинација и ширење на видливи и невидливи идеи и цели на терористите, е сложено прашање.

Во теоријата често се наведува примерот за киднапирањето на авонот TWA 847 на линија Рим – Каиро на 14 јуни 1985 година, од страна на тројца припадници на „Хезболах", со барање за ослободување на 776 шиити од израелските затвори. Во текот на седумнаесет дена неизвесност, авионот летал неколку пати помеѓу Бејрут и Алжир, секој пат ослободувајќи жени, деца и останати патници, додека конечно во авионот не останале само американски граѓани (вкупно 39). Во меѓувреме, американската јавност со особено внимание ја следеле судбината на киднапираните, поради што на просторот на настанот биле испратени неколку специјални екипи со околу 100 новинари, продуценти, сниматели и аналитичари. Трите водечки американски тв-мрежи (ABC, NBC и CBS) ја прекинале вообичаената програмска шема за специјалните емисии со извештаите од лице место, додека во стандардните информативни емисии во текот на кризата биле објавени 514 вести и извештаи, што во просек е повеќе од 20 дневно. Темата која била наметната во јавноста, буквално била наркотизирана, па речиси секој час се зборувало само за актуелните проблеми, предизвикувајќи „домино" ефект кој бара хиперпродукциски синџир на постојано свежи информации. Гладната публика се хранела со производството на неселективни содржини, со цел да се оправдаат трошоците на мас-медиумските

[32] Bodrijar, Ž. (2008). *Duh terorizma*, Arhipelag, Beograd.

корпорации, додека пак новинарите оптоварени со конкуренцијата морале да „копат" по нови содржини - вести, интервјуа со родителите на киднапираните патници, ослободените заложници, реакциите на граѓаните и политичарите, што пак резултирало со зајакнување на кумулативниот притисок врз политичките центри за донесување одлуки. На членовите на семејствата им се поставувале прашања од типот: „Дали американската влада морала да изврши притисок на Израел за да ги ослободи шиитските затвореници?", а одговорот однапред бил инициран, така што се создавала ирационална атмосфера на страв и загриженост за отфрлање на можноста за рационално донесување на одлуки. Поради растечкото незадоволство на јавното мислење, Регановата администрација го поддржа исполнувањето на барањата на терористите, што на прв поглед сето тоа завршило идилично.

Во практиката ова всушност е пораз на политиката која потклекнала пред барањата на терористите поради големите грешки на медиумите, кои наместо да бидат регистар на случувањата ја преземаа улогата на активни учесници кои го определуваат текот на донесувањето одлуки. Несвесно потпаднаа во стапицата која ја подготвиле медиумските експерти косултирани од другата страна, што одлично го забележа британскиот новинар Џон Булок: „Нивната вешта манипулација со американските тв-мрежи е направена сосема свесно. Дипломирани стручњаци за медиуми кои студирањето го завршиле во американските колеџи присуствуваа на состаноците кои се одржувале во куќата на Набих Берија (еден од водачите на акцијата) во западниот дел на Бејрут, каде е разработувана тактиката". Тероистите лукаво ја воочиле гладта на медиумите за шокантни и невообичаени вести и во тој контекст им давале дозирани и секогаш екслузивни информации, кои можат да се најдат во ефтините холивудски филмови.

Вешто употребувајќи го пазарниот натпревар големите медиумски империи го спречија создавањето на информативната тишина, која во вакви ситуации е најдобро решение. На овој начин елиминирана е контролата на содржината, така што доминација имале тие, а не власта која треба да ја имаат новинарските центри. Во поедини драматични ситуации, актерите како да чекале на доаѓањето на камерите и на нивното вклучување, правејќи претстава за далечниот, заинтересиран аудиториум, кој со пробудени чуства постанува страна која навива, а некогаш и одлучува. Очигледно е дека

тероризмот и мас-медиумите се во дијалектички реверзибилен однос и дека се меѓусебно комплементарни, зависни и се надополнуваат.

## 2.6. Концептуални и теоретски рамки на терористичката пропаганда

Новата ера на тероризам се потпира на новите технологии - интернетот и социјалните мрежи кои се од значење за пропагандата.Тероризмот се карактеризира со организирани активности, изведени преку најразлични тактики и техники и со намера - да се влијае врз јавноста, што е и главна планирана цел.

Некои експерти се обидуваат да го објаснат новиот тероризам кој е поврзан со големиот наплив на информации кои се менуваат во зависност од конфликтите на глобално ниво.[33]

Според Креншо[34], стратегиската и рационалната способност на тероризмот се издвојува како една од основните ектремистички методи во политичката реалност.

Вилкинсон објаснува дека тероризмот е техника со која се предизвикува страв.

Затоа е важно да се потенцираат двете најважни карактеристики на тероризмот:

1. Политички намери и цели кои се основен елемент за спроведување на терористичкиот акт;
2. Психолошки ефекти кои ги предизвикува тероризмот.[35]

Медиумите играат голема улога во креирањето на јавното мислење во позитивен или негативен контекст, во зависност од тоа како се користат. Како резултат на стравот, омразата, агресијата и страдањето, медиумите со пропагандата создаваат глобална визија, која е со манипулативен, но и со нов колективен идентитет. Во одредени ситуации, особено за време на кризи и големи социјални промени, медиумите интензивно манипулираат со перцепцијата на граѓаните. Така, оваа електронска империја повеќе приматот не го дава на тие што се богати со пари, туку богати со информации.

---

[33] Arquilla, J., Ronfeldt, D., Zanini, M. (2006). *Networks, Netwar, and Information-Age Terrorism* (in: Howard, R., Sawyer, R. (ed.), *Terrorism and Counterterrorism*, Contemporary Learning Series, USA, 2006), p.110.

[34] Crenshaw, M. (2006). *The Logic of Terrorism: Terrorist Behavior as a Product of Strategic* Choice, in: Howard, R., Sawyer, R. (ed.), *Terrorism and Counterterrorism*, Contemporary Learning. Series, USA, 2006), p.54-55.

[35] Wilkinson, P. (2002), *Terorizam protiv demokracije*, Golden Marketing, Zagreb, p.93

Медиумите станаа моќна машинерија која создава зависност што придонесува до губење на индивидуалноста на секој поединец, зошто медиумите не се само алатка за собирање и дистрибуција на информации, туку генератор, контролор и господар.

Како средство за политичка борба, тероризмот секогаш се потпира на неколку елементи: јавна презентација на идеите и целите, предизвикување на страв, вршење насилство, зголемување на публицитетот, користење на најновата технологија итн.[36]

Со развојот и модернизацијата на општеството, се овозможи да се користат современите средства за развој на терористичката пропаганда, како составен дел од модерниот тероризам, особено тероризмот чија што главна е религиозната цел. Ганор нагласува дека современиот тероризам стана психолошка војна, бидејќи терористите се способни да ги постигнат целите без ниту еден напад, предизвикување на паника во јавноста, што може да е производ на ширењето закани преку медиумите (радио, ТВ интервјуа, видеа и др). Според негово мислење, современиот тероризам ја употребува човековата фантазија и за таа цел, ги користи популарните методи на психолошка војна преку медиумите.[37]

Со повторување на пропагандистичките пораки што терористите ги објавуваат на интернет преку проекцијата на слики и видеа за нивните акции, медиумите придонесуваат за распространување на стравот и паниката што е и главна цел на терористите. Освен тоа, проектираните пропагандни видеа само им помагаат на терористите да ја запознаат јавноста со своите цели, што е од витално значење за регрутирањето на нови членови. Така, медиумите им нудат на терористите публицитет што го бараат за добивање на „глорификација" за актот за кој веруваат дека го заслужуваат.

Има неколку видови на пропаганда, но најпознати се политичката, економската и воената пропаганда. Терористичката пропаганда има поинаков пристап, но сè уште користи исти начини за дејство. Во основа, идејата на терористичката пропаганда е намерата да го привлече вниманието на јавноста и да постигне публицитет, а за таа цел терористите користат медиуми со кои брзо се пренесуваат информациите.

---

[36] Injac, O. (2001), *Sociološki aspekti savremenog terorizma u Evropi*, Čigoja štampa & UPNS, Beograd, p.25.
[37] Ganor, B. (2002), *Terror as a Strategy of Psychological Warfare*, Institute for Counter Terrorism, p.1.

Според Вилкинсон, тероризмот и медиумите се во „симбиотска врска", од која и двете страни имаат придобивки. „Во демократското општество, кога некој ќе каже „тероризам", тој всушност кажува „медиуми". Тероризмот има длабока позадина и претставува вид психолошко оружје кое зависи од преносот на закани кон пошироката публика.

Вилкинсон дава објаснување дека терористите манипулираат со медиумите во исполнување на нивните цели, главно, поради:[38]

1. промовирање на терористичките идеи и предизвикување на посилен страв кај публиката;

2. добивање поддршка од населението и светски публицитет за нивните цели, со појдовна точка-правда и победа;

3. спречување на каква било реакција на властите и силите за безбедност;

4. мобилизирање, поддршка и зголемување на бројот на потенцијални членови, со цел да се собере и обезбеди финансиска и друг вид поддршка, како и да се охрабрат за нови напади.

Брус Хофман укажува на тоа дека терористите имаат потреба од медиумско промовирање, а пропагандата е наменета за да ја привлече пошироката јавност за самопромовирање, а како таква, истата претставува комуникациски процес.[39]

### 2.6.1. Современи модели на терористичката пропаганда

Интернетот стана ефикасна алатка во ширењето на терористичката пропаганда, бидејќи им овозможува на терористите прилика директно да го дистрибуираат материјалот до целната публика. Современите модели на терористичката пропаганда налагаат да се користи Интернетот и другите медиуми за масовно информирање во различните форми и начини за исполнување на целите на терористичките акции[40], насочени да се стекне поддршка од бројната публика преку ширење на терористички материјали, промоција на терористичките цели (пр.преку насилни дејства). Пропагандата која е спроведена од терористите преку Интернет покрива бројна публика.

[38] Wilkinson, P.(2002). *Terorizam protiv demokracije*. Golden Marketing. Zagreb, p.189.
[39] Hoffman, B. (2006). *Inside Terrorism* (revised and expanded edition). Columbia University Press, NY, p.198.
[40] UNDOC. (2012). *The Use of the Internet for Terrorist Purposes*. United Nations, NY.

Терористичката пропаганда има неколку типа на публика, што е интересен феномен. Таа може да биде насочена кон потенцијални или актуелни поддржувачи, противници на идеите, симпатизери на екстремните идеи и цели, кон директни или индиректни жртви на актот на тероризмот или кон светската јавност воопшто.

Пропагандата насочена кон потенцијалните или актуелните поддржувачи е со акцент за нивно регрутирање, радикализација и охрабрување да извршат тероризам. Исто така, овој тип на пропаганда е користен за да се демонстрираат карактеристиките на терористичкиот напад на оние кои обезбедуваат финансиска или било каква друга поддршка за тероризмот. Преку ширењето на дезинформации, закани и слики од насилни дејства, терористите се обидуваат да создадат страв и паника во општеството. Поради различните цели на терористичката пропаганда, од манипулација до политика, постојат неколку различни видови на методи и тактики кои терористите ги користат.[41]

*Ширење на идеи и убедувања како модел на терористичката пропаганда – модел на стекнување на подршка*

Терористичката пропаганда е наменета за ширење на радикални идеи и убедувања, но исто така дава насоки, упатства и признанија на нивните следбеници и поддржувачи. Со развојот на Интернетот, терористичката пропаганда може да се потпре на мултимедијалната комуникација со која ги промовира идеолошки и практично терористичките активности преку инструкции, објаснувања, промоција и оправдување. Терористите се многу креативни во експлоатирање на интернетот за овој вид пропаганда, преку нејзино развивање како модел на виртуелни пораки, презентации, магазини, аудио и видео документи, како и развивање на видео игри.

Важно е да се нагласи дека ширењето на некои форми на убедувања, генерално кажано, не е забрането и може да биде разбрано како основно право на човекот за слобода на говор и слобода на изразување, кои се гарантирани со меѓународното право.

Овие две права гарантираат да секоја индивидуа ги искаже своите гледишта или да дистрибуира материјали кои може да се сметаат за прави или пак осудени од другите. Постојат исклучоци при ширењето на терористичките убедувања, кога тие се со закон

[41] UNDOC (2012), *The Use of the Internet for Terrorist Purposes*, United Nations, NY.

забранети, т.е. кога ја загрозуваат националната безбедност или го охрабруваат населението за вршење насилство.

*Насилството како модел на терористичката пропаганда*

Голем е спектарот на активности кои терористите ги преземаат на интернет, со цел да се промовира пропагандата на насилство.[42] Преку интернет се дистрибуираат видеа на кои се прикажани насилни дејства, со цел да се зголеми стравот и да се потсети населението за бруталните методи на мачење (видеа од ИСИС на кои е прикажана егзекуција со сцени на кои е прикажано обезглавување на одредени личности итн.).

Пропагандата преку Интернет може да вклучува и „смешно" промовирање, како на пр. видеоигри, кои се направени од страна на терористичките организации со цел да се прикажат акции на тероризмот и да се охрабри корисникот да се ангажира за виртуелни терористички активности. Како пример, социјалните мрежи се користат за заплашување и регрутирање на „потенцијалните џихадисти", за да се придружат на ИСИС.[43]

*Промовирање на екстремистичкиот говор и радикализација*

Екстремистичкиот говор е промовиран од страна на терористите за да се охрабрат подржувачите да се придружат на екстремистичката организација и да бидат подготвени да учествуваат и да раководат со насилни терористички дејства. Тоа придонесува да се зголеми трендот на радикализација меѓу поддржувачите и населението или низ целото општество каде екстремистичките идеи ќе бидат ширени.[44]

Популарните алатки за дистрибуција на содржината се компакт-дисковите, дигитални видео дискови, но секако најголемиот дел се дистрибуира преку широкиот спектар на интернет алатки, како што се веб-сајтовите, виртуелните чат-соби и форуми, онлајн-магазините, социјалните мрежи (Твитер и Фејсбук) или преку популарните видеа и документи кои се прикажуваат на веб-каналите (Јутуб) итн.

---

[42] Council of Europe (2007). *Cyberterrorism – the Use of the Internet for Terrorist Purposes*. Strasbourgh.
[43] Liang, C.S. (2015). *Cyber Jihad: Understanding and Countering Islamic State Propaganda*. GCSP Policy Paper, Geneva Centre for Security Policy, Geneva, p.5
[44] Stahelski, A. (2005). *Terrorists Are Made, Not Born: Creating Terrorists Using Social Psychological Conditioning, Cultic Studies Review, Vol. 4, No. 1*, Washigton DC, p.1.

## 3. Медиуми

„Убиј еден за да уплашиш илјадници други."

- *стара кинеска поговорка* -

Битката за слобода на медиумите одамна е извојувана, но таа и денес ги бранува духовите, без оглед дали се работи за слобода на прибирање, објавување и пренесување на информации, отвореност за изразување на различни мислења и уверувања или почитување на човековата индивидуалност, приватност и достоинство. Во овој корпус на „слободи" посебно се издвојува онаа за „достапноста до информации од јавен интерес". Медиумите и новинарите редовно ја користат синтагмата - јавен интерес, но таа од своја страна знае да зададе „главоболка" секогаш кога треба да се одлучи дали да се објават некои информации, настан или приказна, односно, дали тоа е од интерес на пошироката јавност или не. Но, кога треба да се оправда „молкот" за необјавување, тогаш повторно медиумите се повикуваат на јавниот интерес.

Правото на јавноста да знае, да биде информирана е неприкосновено, а задача на медиумите е да го штитат и унапредуваат јавниот интерес, клучен за развојот на социјалното и демократско општество.

Медиумите станаа толку важни во нашето општество дури што тие понекогаш се нарекуваат и „четврта сила" по аналогија, вклучително со трите традиционални гранки на моќта во демократијата: законодавна, извршна и судска. За добар дел од експертите интернет-блоговите претставуваат „петтата моќ", бидејќи тие се повеќе се натпреваруваат со традиционалните медиуми кога станува збор за проблеми, привлекувајќи внимание на фактите за прекршување.[45]

**Медиуми** се средства за јавно информирање, односно каков било вид на комуникација како весници, магазини, програми на радиото и телевизијата, телетекст и други средства за дневно или периодично објавување на уреднички обликувани содржини

[45] Xu, Jennifer Jie; Chen, Hsinchun (2008): Understanding the Nexus of Terrorist Web Sites. In: Hsinchun Chen; Christopher C. Yang (Eds.): *Intelligence and Security Informatics: Techniques and Applications*. (Studies in Computational Intelligence, Vol. 3). Berlin: Springer, 65-78. http://dx.doi.org/10.1007/978-3-540-69209-6_4

во пишана форма, звук или слика, со цел да се информираат и задоволат културните, образовните и другите потреби на пошироката јавност.

**Медиумот** претставува посредник, спроводник или средство: тоа е канал низ кој циркулираат информациите. Медиум е нешто што користиме кога сакаме да комуницираме индиректно со другите луѓе. Со зборот „медиум" се опфаќаат голем број современи средства за комуникација: телевизија, кино, филм, радио, фотографија, весници, списанија, носачи на звук (музички цедеа, плочи итн.), компјутерски игри, мобилни телефони и интернет. Некои медиуми, како, на пример, интернетот или мобилните телефони, се хибридни (мултимедија) бидејќи во себе вклучуваат повеќе медиуми (радио, камера, екран, телефон, итн.) и медиумски текстови.

Со зборот „**медиумски текст**" се означуваат симболи - компјутерски програми (софтвер), слики (подвижни или статични), музика, печатен текст, веб-страници итн., кои се пренесуваат преку медиумите. Неретко медиумите се нарекуваат масовни медиуми бидејќи овозможуваат комуницирање со информации помеѓу бројна публика. На почетокот, во масовни медиуми спаѓале радиото и весникот, за подоцна телевизијата да го превземе ова место. Повеќе социолошки истражувања укажуваат дека телевизијата директно или индиректно го стимулира насилството преку емитување на содржини кои изобилуваат со насилство и во кои се истакнуваат улоги кои го оправдуваат самото насилство. Впрочем, гледањето безброј убиства, силувања и други насилнички дејства ги прави поголемиот број на гледачи нечувствителни за страдањата на другите. Ова всушност, покажува дека телевизијата преку емитување насилство, прави поединецот да помисли дека насилството е еден од пожелните начини на однесување при решавање на проблемите.[46]

Слободата на изразување, вклучувајќи го правото на примање и пренесување на информации и идеи преку било какви средства, претставува демократско право кое се однесува за сите граѓани. Во меѓународните договори и повеќето национални устави ова право се развива и истото гарантира слобода на печатот, а печатот пак наметнува одредени ограничувања за заштита на правото на приватност. Ова е одговорност на медиумите за да обезбедат дека информациите за граѓаните се соодветни и јасни.

[46] Македонски институт за медиуми и Институт за демократија „Societas Civilis". (2010). *Прирачник за наставници, за изучување на медиумската писменост во наставата по мајчин јазик*, Македонски институт за медиуми, Винсент графика, Скопје.

Медиумите, информатичките и комуникациските технологии денес играат витална улога во животот на граѓаните. Како оружје за наметнување на сопствената агенда се користат сензационални вести - заплашување на јавноста, со цел таа да се дефокусира од актуелните прашања кои го оптоваруваат општеството.

Медиумите стануваат нова моќна сила, која лесно се снаоѓа и успешно „краде" не само личен идентитет, туку и идентитет на цело општество и пошироката заедница. Слободата на мислење и изразување – вклучително и „слободата да се добијат и да се пренесуваат информации и идеи преку кој било медиум и без оглед на границите" (член 19 од Универзалната декларација за човекови права од 1948 година) – е едно од основните граѓански и политички права, утврдено во сите соодветни инструменти на човекови права.

Британскиот филозоф Џон Стјуарт Мил ја нарече слободата на печатот „една од гаранциите против корумпираната и тиранската влада".[47] Ова претставува конститутивно право за еден демократски систем во кој што секој, а не само граѓаните на една држава, има човеково право да каже што мисли и да ја критикува владата. Во јануари 1941 година, претседателот Рузвелт ја најави слободата на говорот и изразувањето како една од четирите слободи, врз коишто треба да се темели идниот светски поредок по завршувањето на Втората светска војна. Пристапот до и слободниот проток на информации преку границите е важен елемент на едно отворено и плуралистичко општество.

„Ослободувањето од страв" исто така ја вклучува слободата на изразување на мислењата и слободата на медиумите. Бидејќи концептот на човекова безбедност исто така се заснова врз правото на поединецот да бара и добива информации и идеи од кој било вид, вклучувајќи ги и оние коишто се критички за владејачките сили, заплашувањето на новинари и контролата врз медиумите претставуваат големи закани за човековата безбедност.[48]

Слободата на информираност, изразување и слободата на медиумите се докажаа како особено значајни во текот на Студената војна, кога луѓето во социјалистичките земји на Источна Европа немаа пристап до странски или независни весници или списанија. Подоцна, владата на Кина се обиде да ја ограничи употребата на сателитски приемници,

[47] John Stuart Mill (1859). On Liberty, Chapter II of the Liberty of Thought and Discussion.
[48] Извадок од Прирачник за едукација од областа на човековите права. (2014). European Training and Researh Centre for Human Rights and Democracy, достапно на: etc-graz.at

со цел да ја спречи нацијата да ги следи западните телевизиски канали што и денес, одредени земји го ограничуваат пристапот до интернет за да ги спречат своите граѓани да добијат пристап до одредени интернет страници за коишто сметаат дека се непожелни од политички или верски аспект.

Медиумите можат да имаат двојна улога: како корисници и како прекршители на слободата на изразување. Нивната улога може да се состои од информирање во врска со глобалните проблеми, јакнење на глобалната солидарност, но исто така можат да бидат и инструмент на пропаганда на државата или на определени економски и други интереси. Според Комисијата на УНЕСКО за култура и развој, современите комуникациски технологии ја направија потешка контролата врз протокот на информации, при тоа создавајќи нови можности, но исто така и нови закани, особено ако медиумите станат цел на напад или на политичка контрола. Разновидноста и квалитетот на програмите може да се намали како резултат на комерцијализацијата, која што секогаш е желна да придобие што поширока публика или пак да се натпреварува за поголем број читатели и гледачи, концентрирајќи се на екплицитни приказни.[49]

Слободата на изразување е рамковно право кое што содржи неколку елементи, вклучувајќи ја слободата на информирање, слободата на печатот како и слободата на медиумите. Таа се темели врз слободата на мислење и е неразделно поврзана со неа. Нејзините појавни облици се движат од индивидуалното изразување на мислења до институционалната слобода на медиумите. Слободата на мислење е апсолутно граѓанско право, додека слободата на изразување е политичко право коешто може да биде предмет на одредени ограничувања.

Слободата на изразување претставува двојно право, во смисла на слобода на пренесување, односно изразување мислења и идеи од секаков вид и слобода на барање и примање информации, при што и двете слободи се изразуваат во каква било форма – усна, писмена или печатена форма, преку каков било медиум вклучително и новите технологии.

[49] UNESCO (United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization (2014). *World trends in freedom of expression and Media development*, UNESCO Publishing, France.

## 3.1. Медиумите како форма на комуникација во современото општество

Средствата за масовна комуникација во современите општествени промени, особено во ерата на глобализацијата која е потпомогната со техничко-технолошката експанзија и масовната култура, се повеќе заземаат централно место во формирањето на јавното мислење за низа значајни прашања од општествено - политичкиот, економскиот и културниот живот. Поливалентната функција на медиумите од една страна и плурализмот од друга страна при изборот на медиумски теми, креираат медиумска реалност која во основа ја имаат демократизацијата на јавноста. Девијациите во тој поглед се: канализирање на јавното мислење, манипулацијата и пропагандата.

Функцијата на медиумите е да пренесуваат креирани пораки од некој, создадени за да го привлече вниманието на публиката, да пренесат ставови но и да се обидат да ги наметнат, со намера да се постигне некаква цел (без разлика дали е социјална, економска, политичка итн.). Јавноста пак треба да знае за функциите на медиумите, за да може полесно да ги анализира и сфати медиумските пораки, да разбере зашто се создадени, како и да ја разбере намерата на оној кој ја испратил пораката.

Улогата на медиумите е да ги промовираат различноста на мислења, јавната дебата и граѓанска партиципација во општеството, да ги промовираат демократските вредности, како и да се залагаат за слободата на изразување и слободата на говорот.

Од изнесеново погоре, произлегуваат и следниве функции:

*1.* Основни функции

- *информативна функција* - главна функција на пишуваните и електронските медиумите, при која информациите се однесуваат на јавни, заеднички, интересни и актуелни теми во било која област од општествениот живот.

- *функцијата за формирање мислења* - медиумите не доставуваат само информации, туку се случува тие информации да бидат коментирани и интерпретирани, нудејќи на публиката различни начини за разбирање на пораката. На овој начин, медиумите им помогаат на граѓаните да се ориентираат во општеството.

- *функција на општествено дејствување* - медиумите влијаат во насока на општествено дејствување, каде што може да доделат различен статус на одредени лица,

организации или социјални движења. Медиумите поставуваат приоритети и можат да го свртат вниманието на јавноста, но секако влијаат и на угледот, авторитет и влијанието во јавноста.

2. Социјални функции - овие функции може да бидат рекреативни, интегративни и интерактивни. Медиумите имаат општествени функции, кои се појавуваат како фактор во социјализацијата на луѓето и во образованието. Постојаната изложеност на медиумите, појавата на „инделни модели" на однесување, како и вклучување општествено „важни" луѓе во нив, влијае на социјализација и овозможува да се биде во чекор со времето и настаните. Медиумите овозможуваат на јавноста да развие чувство на припадност кон одредена средина или заедница и воспоставување на контакт и комуникација и при тоа не смее да се запостави рекреативната и забавна функција на медиумите која се одразува во релаксација, рекреација и бегство од стресот и динамичното секојдневие на обичниот граѓанин.

Експертите предупредуваат дека медиумите би можеле да имаат и негативно влијание односно да придонесат до пасивност (наместо активно да се учествува во социјалниот живот), а секако и до значително влијание врз преносот на агресија и насилство во реалниот свет.[50]

3. Општествени функции - во демократските општества, функцијата на медиумите е да обезбедат простор за јавноста да ги изнесе различните мислења, ставови, потреби и интереси, со цел да се предизвика јавна дебата. Масовните медиуми овозможуваат комуникација меѓу сите социо-политички лица, како што е владата, парламентот, политичките партии, економските фактори и пошироката јавност. Во модерните општества, информативната функција на медиумите се користи и за формирање, развој и менување на содржините за релативно кратко време за одреден поглед на светот.

Негативниот приод и идеолошката обоеност на информативните медиумски содржини се централни во дневните весници и информативните емисии односно радио и ТВ дневниците. Објективното известување може да се постигне кога медиумските

---

[50] Македонски институт за медиуми и Институт за демократија „Societas Civilis". (2010). *Прирачник за наставници, за изучување на медиумската писменост во наставата по мајчин јазик*. Македонски институт за медиуми, Винсент графика, Скопје.

содржини може да се презентираат така што реципиентите ќе може да си создадат свое мислење. Објективното информирање се смета дека е ослободено од предрасуди, а преку него се зборува и се аргументираат фактите.

Доколку една информација или вест не застапува факти, нема релевантни извори на информирање од најмалку три страни (особено од оние што го застапуваат изнесениот став), спротивставени гледишта и неутрален став во однос на медиумското покривање, тогаш чесните намери во информациите не значат објективност. Всушност, неутралниот став подразбира вклучување на третата страна, односно истражување на пулсот, импактот што таа содржина ја има врз публиката.

Според оваа концепција, тоа подразбира дека објективните вести се одликуваат со точност, потполност, проверливост, фактичност и неутралност. Неутралноста е особено значајна бидејќи при формирањето на јавното мислење, влијае врз зголемување на конгнитивната димензија за настанот или појавата за што се информира, без при тоа да се потенцира едната страна, да се нагласува еден извор, а другиот да се минимизира, со што се канализира мислењето во формирањето на ставови во насока на новинарската информација, односно да се створи слика дека се манипулира со јавноста.

Денес, гигантската мрежа на електронските медиуми со програмите кои ги емитуваат, експресно влијае врз свеста на младите луѓе, во добар дел од случаевите тие поттикнуваат вештачко искривување на реалноста. Младите луѓе се природно наклонети кон алтернативни форми на медиуми, кои нудат брзи и лесно достапни информации и содржини од кои што учат за нови форми на култура, создавајќи слика на различни модели на однесување во однос на оние кои веќе се присутни во поширокатa општествена и културна заедница.

Медиумите, на дневна основа создаваат пропаганди кои најчесто се од манипулативен карактер, распоредени да придонесат во губењето на вистинските, човечки и социјални вредности, да изградат една нова искривена перцепција на светот создавајќи страв, омраза, агресија и страдање што стихијно станува белег на еден нов колективен идентитет.

Во одредени ситуации, особено за време на кризи и големи социјални промени медиумите интензивно манипулираат со перцепцијата на граѓаните, особено на младите луѓе, па оттука животот на истите е претворен во неминовен конфликт на информации

што станува примат во модернизирана верзија на психолошката војна обликувајќи јавно мислење кое има за цел да се контролира.

### 3.2. Влијанието и моќта на медиумите

Слободата на мислење претставува апсолутно граѓанско право, што значи дека никој не може да го загрози или ограничи човечкото размислување, додека слободата на изразување на мислењето се третира како политичко право. Како политичко право може да биде предмет на одредени рестрикции или ограничувања кои мораат тесно да бидат толкувани и во согласност со одредени правно поставени објективни цели.

Сепак се поставува прашањето до каде се протега слободата на медиумите кога терористите се почесто преку нив обезбедуваат нови можности на јавноста да и ги испраќаат своите застрашувачки пораки.

Медиумите преку пропагандата стануваат на некој начин моќно психолошко оружје во служба на кампањата за ширење терор, па оттука преку насилните терористички акции, кои секогаш навремено ги пласираат на медиумската публика, би можеле да ја оневозможуваат државата и безбедносните служби на соодветен и брз одговор, да придонесат до зголемување на бројот на потенцијални приврзаници и регрути, како и да соберат дополнителни средства кои ќе се искористат за понатамошни дејства.

Како најдрастичен пример за тероризам - нападот на кулите близначки во Њујорк 11 септември 2001 година, не остави простор светот да остане ист. Мотивирани радикални фунадаменталистички движења ги изменија сите дотогашни сфаќања за политиката, воената тактика, економијата, антропологијата и сл, за тоа кои се законите во модерниот свет, а на овие промени најбрзо се приспособија првенствено медиумите.

Прашањата за безбедноста, загрозеноста на човечкиот живот (независно од кој дел на светот), особено ако опасноста сите нè демне, несомнено се приказни од насловните страници во весниците и носечки вести во ТВ-дневниците. Ако тука е поврзана и религијата како фундаментално човеково право, тогаш јасно е зошто сè почесто медиумите објавуваат стории со таква содржина независно од тоа која е религијата што се (зло) употребува од фундаменталистичките движења во тероризмот. Сепак, јасно е дека најголемо внимание и анализа, медиумите посветуваат на радикалниот ислам и

муслиманските фундаменталистички движења како најбројни, најдобро организирани но и најопасни за безбедноста.

Ако се погледне временската линија на известувањата, потоа термините кои ги користат репортерите и новинарите, забележливо е дека медиумското известување од почетокот на новиот милениум драматично е променет и во квантитет и во квалитет во однос на фундаментализмот, радикалниот ислам, терористичките напади или антитерористичките дејствувања, независно дали се од глобален или локален карактер.

Од веќе изнесеново, произлегуваат два брана (фази) на медиумско известување, во врска со терористичките акти и тоа[51]:

- бран на феноменологија – каде медиумите се занимаваат со прашања главно мотивирани од некој настан;
- бран на онтологија – каде медиумите подетално ги разгледуваат основите на исламистичките учења, а кои би можеле да бидат закана по безбедноста.

### 3.2.1. Прв бран на медиумско известување – Феноменологија

Бранот – феноменологија претставува последователното објавување на стории за радикалниот ислам и тероризмот, инициран од „клучни настани", а интензивно трае првите денови/недели по настанот, со исклучок и до неколку месеци. Овој прв бран на медиумско известување на настани со оваа тематика (независно што ги иницирало ваквите настани: политичка агенда, уредувачка политика на самиот медиум, терористички чин и сл.) се карактеризира со медиумско покривање од информативен карактер, без навлегување во религиозните теми и поими, повеќе од политички, геополитички или безбедносен аспект. Во нив секогаш доминира, причиниско-последичната врска меѓу фундаменталната идеологија со терористички чинители. Клучни термини кои доминираат во медиумите при овој прв бран се: ислам (муслиманство), џихад (света војна, праведна војна на муслиманите), шеријат (муслиманско право), џихадисти, муџадехини, талибанци, исламисти, исламски екстремисти итн. Изминатиов период речиси секојдневно се јавуваат

[51] Иванка Додовска (ур.). (2014). *Кризите на модерниот свет*, Фондација Конрад Аденауер, претставништво во Република Македонија Здружение на граѓани Институт за цивилен развој и политолошки анализи – Скопје, достапно на: http://www.kas.de/wf/doc/kas_40236-1522-2-30.pdf?150126150925

настани со фундаменталистичка или безбедносна содржина кои би мотивирале бран – серија на вести поврзани со нив.

Неколку карактеристични настани одбележуваат процес од кога започнува масовен (светски) медиумски интерес за радикалниот ислам како закана по безбедноста во глобални рамки. Таков настан е објавата на првото интервју на Осама Бин Ладен дадено за „западен" новинар објавено на CNN во март 1997 година.[52] Медиумските објави на тема: радикалниот ислам како безбедносна закана, кои ќе ги предизвика интевјуто, како клучни покажуваат два момента:

1. Формалното објавување на џихад[53] против САД од страна на религиски, политички и воен водач и бизнис-моќник пред американски авторитети и огромна (милионска) публика од западниот свет;

2. Најавата за воено дејствување на групата која тој моќник ја предводи (веќе познатата Ал Каеда) во суштина е терористичко движење кое користи некаков религиски контекст во одбрана на своите дела.[54]

Имено и претходно постоеле интервјуа на Бин Ладен во кои тој повикува на џихад против Западот или пак користи религиозна идеологија и терминологија за да го објасни организирањето на воени групи, но најчесто таквите интервјуа биле за медиумски сервиси на арапски јазик, односно Бин Ладен се обраќа на тамошната публика, а не на онаа на која практично и се заканува.[55]

Пример за ваквиот прв бран на медиумско покривање се и нападите од 11 септември 2001 год на двете кули близначки во Њујорк. Медиумите во првите неколку месеци генерално се занимаваа со самите настани: **што** се случило, **како**, **кој** е одговорен, **кои** се политичките реакции за настаните, а при тоа јасно поврзувајќи ја Ал Каеда, Осама Бин Ладен и неговите следбеници и радикалниот ислам со самиот терористички чин.

---

[52] Интервјуто е изработено од продуцентот Петер Берген кој се занимава со безбедносните ризици особено од Блискиот Исток и арапскиот свет и новинарот Питер Арнет, познат воен известувач.

[53] Освен посредната индиција дека се работи за „света војна" против немуслиманите предвидена со Куранот на арапскиот свет нема некои подетални објаснувања во самото интервју на поимот џихад.

[54] Изјава на поранешен припадник на ЦИА, Брахам Фулер во рамките на ТВ-прилогот на интервјуто: „Кога овој човек (л.з.: се мисли на Бин Ладен) испраќа порака дека ќе ги нападне САД или, пак, повикува на џихад тој користи јасни, одредени исламски термини од Куранот со цел да даде легална основа за неговото дејствување". (http://www.youtube.com/watch?v=dqQwnqjA-6w, интегрално прилогот на SNN со првото интервју на Осама Бин Ладен).

[55] Пример, види интервју „Осама Бин Ладен негира поврзаност со тероризам", Лондон ал-КудсАл-'Араби на арапски јазик од 9 март 1994 г.

Од овој период се воведува и еден нов термин кој ја означува глобалната војна против тероризмот, поттикнат од религиозен фундаментализам и радикален ислам – Светска (глобална) борба (војна) против тероризмот или Светската коалиција против тероризмот.[56] Првпат оваа фраза ја употребува Буш во изјавата дадена на 20 септември 2001 година. која пак добива институционализиран облик, односно станува име на меѓународната воена кампања стартувана по нападите на 11 септември, предводена од САД и колицијата на НАТО и нивни сојузници. Сепак и администрацијата на Буш (администрацијата на Барак Обама од 2005 година па наваму го избегнува користењето на овој термин[57]), но и западните медиуми го користат овој термин со значење на глобална воена, политичка, правна и идеолошка борба против организации кои имаат терористичка природа и против режимите кои ги поддржуваат, со посебен фокус на муслиманските држави кои се во врска со исламистичките терористички организации, како Ал Каеда или организации со сличен идеолошки и методолошки концепт на дејствување.

Слични се и известувањата и од останатите терористички напади поврзани со исламистите, како оние пред 11 септември 2001 година (односно, бомбардирањето на Американската амбасада во 1998 година, или првиот напад на Светскиот бизнис центар во Њујорк во 1993), терористичките акти во Бали во 2002 година, бомбашките напади во Мадрид 2004 година, бомбашките напади во Лондон 2005 година, нападите во Мумбај 2008 година – за кои одговорност или беше преземена или пак беше препишана на Ал Каеда или ќелија на оваа организација, односно како акт на исламистичките терористички групи.

Последен таков типичен пример за „прв" бран на известување е прогласувањето на калифатот од страна на старо-новата воена група Исламската држава на 29 јуни 2014 година. Иако е познато и споменувано во медиумите постоењето на група што дејствува на арапските територии под името Исламска држава на Ирак (ИСИ)[58] уште во 2006 година, истата од април 2013 година се видоизменува во Исламска држава на Ирак и на

[56] Во оригинал: War on Terror (WOT) или Global War on Terrorism (GWOT).
[57] Иако сè уште постои воено одликување во Армијата на САД со овој термин – медал за заслуги во Светската војна против тероризмот, оригинал: U.S. military's Global War on Terrorism Service Medal.
[58] На англиски: Islamic State in Iraq (ISI)

Левант, т.е. на Сирија (ИСИЛ или ИСИС)[59], а медиумското внимание како закана по безбедноста го добива по прогласувањето на калифатот.

Засиленото темпо на објавувања на вести, анализи, коментари, интервјуа во врска со ИСИС како глобална закана по безбедноста започнува во текот на септември 2014 година кога се објавуваат серија на последователни видеа објавени од самата терористичка група, а на кои се прикажани обезглавувања на американски новинари и британски хумантарец киднапирани на територијата на Сирија, Ирак, Авганистан, како и објавата на американскиот претседател Барак Обама за воена интервенција против ИСИС.[60] По ова започнуваат серијата на медиумски објави, слично како и на настаните од 2001 за Ал Каеда, за тоа **што** е ИСИС, **како** дејствува, **кои** се нејзините идеолошки водачи, мноштво од геополитички анализи и сл.[61]

### 3.2.2. Втор бран на медиумско известување – Онтологија

Овој бран на медиумско покривање временски трае многу подолго од првиот, па дури може да трае и со години, каде главно известувањата навлегуваат посуштински и посодржајно околу врската тероризам – радикален ислам. Во оваа фаза објавите се однесуваат на појаснувањето на религиозните термини од муслиманството[62], демистификација на одредени квазирелигиозни термини и појави, начинот на живот на

[59] На англиски: Islamic State in Iraq and the Levant (ISIS)

[60] Од изјавата на претседателот Барак Обама за ИСИЛ на 9.9.2014: „...Две работи да бидат јасни: ИСИЛ не е „исламска". Не постои религија која проповеда убиства на невини луѓе. А огромното мнозинство на жртвите на ИСИЛ беа муслимани. И ИСИЛ во никој случај не е држава. Тоа е поранешна подружница на Ал Каеда во Ирак која доби предност при секташките судири и граѓанската војна во Сирија со што ја присвои територијата на двете страни на ирачко – сириската граница. Таа не е призната од страна на ниту една влада, ниту од луѓето е почитувана. ИСИЛ е терористичка организација – чисто и едноставно. Во регион каде што има толку многу крвопролевање, овие терористи се уникатни во нивната бруталност: егзекутираат затвореници, убиваат деца, поробуваат, силуваат и принудуваат жени на брак, тие спроведуваат геноцид на религиозните малцинства..."

[61] Види примери: 1. „Исламската држава заедно со Ал Каеда важи за една од најопасните џихадистички групи, по нејзиниот пробив во Сирија и Ирак"(BBC, 2.8.2014 „Сирија, Ирак: милитантна група Исламистичка држава"(http://www.bbc.com/news/world-middle-east-24179084), 2. „Денес, ИСИС и Ал Каеда се натпреваруваат која од нив да има поголема контрола врз исламистичките екстремистички групи во светот" и „најзначаен фактор за скорешната голема регрутација на ИСИС е конфликтот меѓу шиитите и сунитите во Ирак. Борците на ИСИС се најчесто сунити, а тензијата меѓу двете групи на муслимани е силна алатка за регрутација на ИСИС." (Вокс, 9.10.2014 „17 Работи што треба да ги знаете за ИСИС/ Што е ИСИС?", достапно на: http://www.vox.com/cards/things-about-isis-you-need-to-know/what-is-isis

[62] Пример, види сторија на Би-би-си, 3 септември 2009 г. „Сите аспекти од животот на муслиманите се определени од шеријат", достапно на: http://www.bbc.co.uk/religion/religions/islam/beliefs/sharia_1.shtml.

муслиманот и на исламистички борец, учењата од Куранот и струите во исламот, разликата меѓу муслиманството како религија и фундаментализмот, исламистички радикализам, како и политичките и терористички идеологии и слично.[63] Дистинкцијата помеѓу религијата – ислам и радикалниот ислам како идеологија на тероризмот, особено е впечатлива во последната деценија, особено со последните случаи на известувања за ИСИС. Впечатокот и стигматизацијата кои се создадоа по нападите од 11 септември 2001 година за тоа дека сите муслимани се терористи, што секако е неточно, медиумите се посветуваат на тоа да објаснат дека „џихад" е термин и концепт кој илустрира длабок јаз и немање на комуникација меѓу исламскиот и западниот свет, но секако постојат и такви погледи кои не се засновани на вистинските муслимански учења кои џихадот го толкуваат како истребување на немуслиманското население во името на Алах.[64] Особено впечатливо е отстапувањето на медиумскиот простор и кај западните медиуми, но и кај арапските медиуми како Ал Џезеира, на писмото од 120 сунитски имами, светски познати муслимански оџи, за 24-те точки по кои се разликува ИСИС од исламот (муслиманството).[65] Во овој бран на медиумските објави почнуваат да се користат и објаснуваат термини од типот: џихадисти, талибанци, муџадехини, исламски екстремисти за означување на борците на страната на радикалниот ислам, особено за тоа какви вредности имаат, како живеат и начините на кои се борат.[66]

[63] Економист, април 2004, „Удар од силите на злото", достапно на: http://www.economist.com/node/2610231.
[64] Види пример: National Geographic, 24.10.2003, „Што џихадот навистина значи за муслиманите?", достапно на: http://news.nationalgeographic.com/news/2003/10/1023_031023_jihad.html
[65] Види, пример 1. Индепендент, 25 септември 2014г. „ИСИС е навреда за исламот"(http://www.independent.co.uk/news/world/middle-east/isis-is-an-offence-to-islam-says-international-coalition-of-major-islamic-scholars-9756255. html) 2. АлЏезеира, 7 јули 2014 г. „Муслиманските лидери го одбиваат калифатот на Багдади (http://www.aljazeera.com/news/middleeast/2014/07/muslim-leaders-reject-baghdadi-caliphate-20147744058773906.html)
[66] Види пример: 1. Си-ен-ен, 17 октомври 2012 г., „Кои се пакистанските талибанци?" – репортажа, (http://edition.cnn.com/2012/10/17/world/asia/pakistan-taliban-profile/) 2.ИЈ Ривју, 16.10.2014 г, Лондончани демонстрираат во знак на нивната шокирани од ИСИС: Бруталност која лесно нема да се заборави (http://www.ijreview.com/2014/10/188652-londoners-get-shocking-demonstration-isis-brutality-way-easy forget/)религиозните малцинства..."

## 3.3. Медиумите како оружје

Ова поглавје ја истражува улогата на медиумите во терористичката средина, честата интеракција помеѓу медиумското известување и употребата на насилство од страна на екстремистичките движења. Пристапот до медиумите ги носи терористите поблиску до процесот на донесување одлуки за едно демократско општество, што значително ги зголемува шансите дека оваа комплексна мрежа на интеракции ќе заврши со резултат на политичка одлука која се залага за интересите на својата група.

За терористите, информациите може да значат оружје на војната, создавајќи важен концепт - медиуми како оружје, особено што симболиката е во центарот на повеќето терористички инциденти, терористите како потенцијален додаток на нивниот арсенал експлицитно ги идентификуваат медиумите. Кога терористите успешно и насилно манипулираат со важни симболи, релативно слабите движења можат да влијаат на влади и општества. Дури и кога терористичка единица не ја заврши својата мисија, интензивна медиумска изложеност може да доведе до пропагандна победа.[67]

Прво, фактот дека повеќето терористички напади не добиваат внимание или пак добиваат помалo медиумско внимание, сугерира дека терористичките групи се разликуваат значително во нивната способност да подготвуваат напади со цел да го свртат вниманието на медиумите. Не е лесно за терористите да манипулираат со медиумската покриеност која тие ја добиваат. Познавањето на причината зошто некои терористички напади успеваат, а други не успеваат да привлечат вниманието на медиумите, може да обезбеди важен увид во политички цели, перцептивните медиуми и организациски капацитети на сторителите. Сепак, терористичките напади во голема мера варираат во вниманието кое го добиваат. Повеќето терористички напади не добиваат внимание од главните медиуми, а други пак, особено оние во Њујорк и Вашингтон во 2001 година, Лондон во 2005 година и Мумбаи во 2008 година, добија зголемена покриеност.[68]

[67] Gus, M. (2011). *Essentials of terrorism: concepts and controversies*. Sage Publications, Inc, USA.

[68] Kern, M, Just, M., & Norris, P. (2003). The lessons of framing terrorism. In Norris, P, Kern, M & Just M (Eds.), *Framing terrorism*. London, Routledge.

Второ, доброто разбирање на мотивациите и ограничувањата со кои се соочуваат медиумите може да го формира концептот на односи на медиумите во стратегиите на јавната дипломатија одговорна за борба против тероризмот. *Слободни медиуми и информирање* - ова право е квалификувано како рамковно право на секој медиум. Се движи од слобода на мислење и слободно индивидуално изразување на мислење, па се до институционална слобода на медиумите. *Слободата на мислење* е едно апсолутно граѓанско право, што значи дека никој не може да го загрози или ограничи човечкото размислување, додека слободата на изразување на мислењето се третира како политичко право. Како политичко право може да биде предмет на одредени рестрикции или ограничувања кои мораат тесно да бидат толкувани и во согласност со одредени правно поставени објективни цели.

Сепак се поставува прашањето дали да се ограничува слободата на медиумите бидејќи терористите сé почесто преку нив обезбедуваат нови можности за испраќање на своите застрашувачки пораки.

Оваа покриеност може да им послужи на терористите како средство за пренесување на нивните политички пораки до масовната публика, а тоа може да го одвлекува вниманието на јавноста за разбирање на тежината за спречување на терористичките напади и чекорите кои властите ги преземаат за да се постигне оваа цел. Истражувањето во оваа област почна на систематски начин да ги проучува условите под кои медиумите повеќе или помалку посветуваат значителна покриеност на терористичките напади отколку на други теми или други аспекти во борбата против тероризмот.

Трето, структурата и конкурентноста на новинарската индустрија имаат влијание врз вниманието на медиумите кон тероризмот. Како што медиумското опкружување станува сé повеќе децентрализирано и конкурентно, медиумите можат да се обидат да го задржат уделот на пазарот преку посветување повеќе внимание на терористичките напади кои употребуваат нови тактики или кои се особено насилни. Таквиот развој може да побуди нови предизвици за односите помеѓу службите за безбедност и медиумите, пренесувајќи и на јавноста искривена слика за заканата од тероризмот и при тоа намалувајќи ја способноста на властите да ги објаснат своите политики за да се постави проблемот на тероризмот во соодветен контекст.

Четврто, почнува да се истражува како тонот со кој медиумите ги презентираат вестите за тероризам влијае на ставовите и однесувањата на јавноста, вклучувајќи ги и потенцијалните симпатизери кон терористички движења. Постои значаен доказ дека известувањето за тероризмот го зголемува стравот и вознемиреноста и дека овие емотивни промени влијаат врз јавноста при изборот на контра-терористичките политики кои се потпираат на сила. Ова може да води кон потешкотии на службите да реагираат на терористички напади со други видови на политики, дури и ако овие политики може да резултираат со одлични резултати. Понекогаш се тврди дека терористите се ефикасни во манипулирање на медиумите за да ги пренесат своите пораки до масовната публика и да се здобијат со симпатизери и поддржувачи.[69]

Во општествата каде постојат демократски услови медиумите секогаш треба да бараат начини да се соочат со тероризмот. Отвореноста на медиумите, како и борбата за опстанок на медиумските куќи во борбата за гледаност и тираж ги прави тешки условите за спротиставување на тероризмот.

Современите терористички акти го променија концептот на комуникација, преку која власта ги брани своите постапки пред јавноста и бара поддршка од пошироката јавност за својата политика. Ако тероризмот е стратегија карактеризирана со симболични напади врз симболични цели, исто така е и стратегија карактеризирана со меѓународна манипулација на медиумите.

Со известување за терористички напади, медиумите имаат улога во пренесување на терористичките пораки до масовна публика. Терористите сакаат квази-законски статус и ист или сличен медиумски третман кој го добиле легитимните политички актери. Терористите се ефикасни во манипулирање со медиумите за да ги пренесат своите пораки до масовната публика и да се здобијат со симпатизери и поддржувачи.

Секој ден сме сведоци на немири, за кои медиумите секојдневно објавуваат стории за нови терористички напади, од детонација на смртоносните автомобил-бомби, убиства на цивили. Медиумите како „општествено одговорни и во служба на граѓаните" редовно известуваат за ваквите настани. Најчесто, тоа се ударни вести како во електронските медиуми, така и на насловните страници на печатените медиуми. Оттука, само по себе се

[69] Walsh, JI (2010), *Media Attention to Terrorist Attacks: Causes and Consequences*, Institute for Homeland Security Solutions.

наметнува прашањето дали емитувањето на терористичките акти во медиумите не е тоа што во голема мера ќе придонесе за порастот на тероризмот?

Стравот од тероризам значително се зголемил, откако медиумите станале преокупирани со информации за терористички активности и закани од екстремистите. Поради големата присутност во медиумите и на интернет просторот, тероризмот делува како магнет за радикализираните поединци, но и за останатите лица кои поради некакви околности бараат и наоѓаат заштита токму кај ваквите групи.

Секојдневните информации што ги добиваме говорат дека медиумите често знаат (сакајќи да бидат први известувачи од местото на „настанот" пренесувајќи пораки, слики и видеа, најчесто промотивни, но скоро секогаш ексклузивни и експлицитни, индиректно на Twitter, Instagram и YouTube) да даваат поддршка, правејќи бесплатна реклама на терористите промовирајќи им ја нивната кауза. На таков начин, медиумите поведени од желбата за превласт со конкуренцијата и моќта за покривање на најголем дел од медиумскиот простор, создаваат ефективност за мобилизирање на нови медиуми.

Како заклучок - се креира впечатокот дека благодарение на постоењето на секој вид медиум за пренесување на информации постојат специфични основи за да се поддржи регрутацијата кон терористичките групи, да се овозможи размената на информациите и координацијата на логистиката на луѓе од сите географски подрачја во нивна корист.

## 3.4. Терористите и нивните медиумски зависни цели

Терористите кои извршуваат насилни акти се во потрага по три универзални цели: да добијат внимание, да добијат признавање, па дури и добивање одреден степен на почитување и легитимитет. Овие цели се остварливи за оние лица кои се способни за добивање на поголемо медиумско внимание. Покрај тоа, оние кои ќе го добијат имаат повеќе можности да влијаат врз другите. Терористите секогаш го пресметуваат ефектот, кој нивните акции ќе го имаат во медиумите и целната веројатност која ќе им обезбеди можност да се биде член на „триаголникот на политичка комуникација".[70]

Крајните цели на терористите се политички, дури и ако се промовираат како религиозно мотивирани. Некои сакаат национална независност, додека други се борат за промена на режимот, трети пак бараат повлекување на странските сили од земји или региони. Без оглед на нивната крајна цел, терористите знаат дека публицитетот и пропагандата се потребни средства за нивните поголеми цели. Така, кога терористите реализираат напади или се закануваат дека ќе извршат насилство, тие ги имаат следниве медиумски-зависни цели:

- Прво, терористите сакаат свесност од различни публики (од-внатре и од-надвор) во целните општества и на тој начин ги условуваат своите цели за заплашување.
- Второ, терористите сакаат признавање на нивните причини, односно сакаат луѓето да се прашуваат, зошто не мразат нас? Зошто се напаѓаат невините цивили?
- Трето, терористите сакаат почит и сочувство од оние во чии интереси тие тврдат дека дејствуваат.
- Четврто, терористите сакаат квази-законски статус и ист или сличен медиумски третман кој го добиле легитимните политички актери.

Со оглед на овие цели, може да се запрашаме дали и до кој степен вестите промовираат еден, неколку или сите од овие терористички императиви.

Како што овие организации стануваат повеќе флексибилни, како и очајни за поддржувачи, тие го прошируваат својот опсег до публиката како во своите земји, така и

[70] Nacos, BL. (2002), *Mass-Mediated Terrorism. The Central Role of the Media in Terrorism and Counterterrorism*, Maryland, Rowman & Littlefield Publishers.

на Западот. Постојат докази кои укажуваат на тоа дека терористичките веб-страни се стремат кон жени и деца. Западот претставува цел како за за јавното мислење, така и за потенцијалните симпатизери. Потпирањето на Интернетот расте и сите трендови укажуваат на тоа дека ќе продолжи да расте, особено затоа што хакирањето и исклучувањето на веб-страни не е ниту сериозен одговор, ниту реална закана за овие лица. Терористичките организации во име на својата кауза продолжуваат да посветуваат дополнителни средства неопходни за одржување на онлајн присуство, потпирајќи се на најновите технологии.

Со појавата на медиумски-ориентиран тероризам, се создава нов вид конфликт во успехот, терористите да ја пренесат својата пораката. Овој нов вид на конфликт во себе ги вклучува насилниот, психолошкиот и идеолошкиот елемент.[71]

Терористичките акти се насилни по својата природа и вклучуваат елементи на конфликт, бидејќи се водени од конфронтацијата меѓу сторителите и жртвите, како и меѓу сторителите со властите. Ова е прагматичен поглед на елементот на конфликтот за терористичките напади. Конфликтот, исто така, треба да се доживее во неговата психолошка природа: терористичките активности предизвикуваат емоции на возбуда и за приврзаниците на терористичките организации, но секако предизвикуваат шок, паника, страв, тага и кај општата популација. Тероризмот се карактеризира и со битка на идеи. Овој идеолошки елемент на конфликтот се заснова врз слики на „нас „против„нив", каде што од една страна, постојат демократски вредности и верувања, а од друга страна постојат ставови на радикализирани ќелии кои се мултиплицираат поради омразата.

Сензационализмот може да се опише како „карактеристика на процесот во обликувањето на актот, што става акцент врз оние елементи кои можат да предизвикаат ефект врз човечкиот сензорски систем". Сензационализмот е тесно поврзан со човечките емоции и неговата главна цел е да го привлече вниманието на публиката. Како вест, сензационализмот е толку важен што дури и ако приказната не е толку драматична, новинарите добиваат чувство на обврзаност, актот да го претставаат на мелодраматичен

[71] Gabriel Weimann. (1987). Media events: the case of international terrorism, *Journal of Broadcasting & Electronic Media*, Vol.31, Taylor & Francis Online.

начин, односно да креираат возбудлива и интересна приказна за да го привлечат вниманието на јавноста.[72]

Сепак, она што треба да се има на ум кога се проучува медиумското покривање на терористички инциденти е фактот што новинарите избираат зборови кои нудат "специфична дефиниција на проблемот, каузално толкување, морална евалуација и / или препорака за третман".[73]

Етикетирањето во медиумите е со намера да се создадат перцепции, односно тенденција да се користи индиректен или нејасен јазик за да се опише она што може да се окарактеризира како ужасно однесување. Етикетите произведени од медиумите се базираат на националниот контекст во кој тие опстојуваат и карактеристиките на публиката и општеството со кои имаат намера да комуницираат.[74] Идентификацијата помеѓу борец за слобода и терорист во различни земји и општества е различна.[75] Средствата што ги користат одредени групи, како и нивните цели, може да изгледаат „варварски" за некои земји, но истите да бидат „свети" за останатите. Причината во разликите е во перцепциите на јавноста за речиси секое прашање, вклучувајќи го и тероризмот, а главно се темелат на реторички предрасуди што ги користат медиумите. Етикетите што ги употребува печатот во врска со тие методи може да доведат или до демонизација или до глорификација на сторителите.[76]

Медиумската покриеност е важна мерка за успехот на било кој терористички акт или кампања. Оттука, целите кои терористите сакаат да ги добијат преку употребата на медиумите се следни:

- Прво, стекнување на легитимитет. Со честото појавување во медиумите, терористите се обидуваат да станат легитимен претставник и архитект на нивната сопствена причина за постоење. Фактот дека тие се третирани од страна на медиумите

[72] Uribe, R. & Gunter, B. (2007). Are 'Sensational' News Stories More Likely to Trigger Viewers' Emotions than Non-Sensational News Stories? A Content Analysis of British TV News. *European Journal of Communication*. 22(2).
[73] Entman, R.M. (1993). Framing: toward clarification of a fractured paradigm. *Journal of Communication*, 43(4).
[74] Dimitrova, D.V. & Strömbäck, J. (2005). Mission accomplished? Framing of the Iraq War in the Elite Newspapers in Sweden and the United States. Gazette: *The International Journal for Communication Studies*. 67(5).
[75] Jackson, G. (1990). Terrorism and the News Media. *Terrorism & Political Violence*, 2(4).
[76] Picard, R.G. (1993). *Media Portrayals of Terrorism: Functions and Meaning of News Coverage*. Ames: Iowa State University Press.

компаративно како редовни, прифатени, легитимни лидери, им дава подобрена позиција - статус споредлив со светските лидери.

- Второ, терористите се трудат да стекнат почит и сочувство. Во терористичките напади не се вклучени само потенцијалните жртви кои мора да бидат исплашени, туку и потенцијалните поддржувачи кои мора да бидат импресионирани. Терористите ги користат медиумите за да им покажат на потенцијалните поддржувачи дека тие се всушност способни да извршат влијание врз легитимното политичко воспоставување, како и да стекнат симпатии кон терористичката кауза или организација, за што е потребно поставување на агендата. Ако организацијата успее имајќи ја медиумската рамка да ја пренесе својата порака во јавноста, секако ќе успее и на патот во добивање на уште поголем почит и сочувство, отколку ако не успее да го стори тоа. Сликите од напади, особено терористичкиот акт на 11 септември 2001 година инспирираше стравопочит, а Бин Ладен како најпопуларен лик меѓу групите во муслиманскиот свет, преку овој терористички акт демонстрира способност да нанесе катастрофален удар против западната демократија во срцето на САД. Впрочем, сите оние кои се заинтересирани за одредена терористичка организација најверојатно, би барале податоци за изворот, листа на успешни напади, пропагандни текстови и други видови техники кои би помогнале во радикализација, мобилизација и можеби регрутирање.

- Трето, терористите се стремат да привлечат внимание (публицитет). Терористите се обидуваат да бидат во медиумите толку често и колку што е можно подолго со цел да станат познати на јавноста. Тие се обидуваат да влијаат врз медиумите на тој начин што ќе влијаат на публиката преку ширење на пораката за постоењето на организацијата: терористите привлекуваат внимание, за луѓето да бидат свесни за постоењето, методите и целите на групата. Една од главните цели на терористичката кампања е меѓусебно да се влее страв на целната популација. Всушност, тоа е неопходен фактор на агендата на секој терористички акт. Ова е видливо во сите делови од активностите на терористите на глобално ниво. Стратегијата да се привлече внимание е наменета, за да се заплашат публиката и целната влада, така што дури и заканата од веројатност да се стане жртва на терористичко насилство е доволна да се создаде страв и на тој начин да се влијае врз процесот на креирање политики. Во 1972 година, кога луѓето од целиот свет ги следеа летните олимписки игри во западниот германски град Мувич, палестинската терористичка

група „Црн септември" ги нападна израелските спортисти присутни во кампот. Настанот за 11-те израелски спортисти - заложници и последователниот обид за спасување беше тесно покриен од сите светски медиуми, а беше следен од милиони луѓе ширум светот. Терористите беа во можност да го монополизираат вниманието на глобална телевизиска публика, која ги следеше настаните кои што се одвиваа. Терористичката организација „Црниот септември" несомнено го избра Минхен за време на Олимпијадата бидејќи технологијата, опремата, и персоналот од медиумски новинари и уредници беше на место кое гарантира телевизиска драма која никогаш пред тоа не била одиграна пред толкава публика - сведоци на глобалната сцена. Преку овој настан на медиумско внимание, глобалната публика научи многу за палестинските терористички групи и нивните мотиви за насилство.

Во споредба со пејсажот на „стари медиуми", добивањето внимание и свест, денеска е лесно остварливо користејќи го Интернетот кој достигнува астрономски голема публика, многу поголема од било кој друг медиум. Пораките кои се објавуваат на интернет од страна на терористичките организации се преземаат од други Интернет-страници и лесно може да го најдат патот до редовните медиуми, што секако го олеснува патот на пропагандата значително во однос на порано. Серијата клипови на обезглавувања поставени онлајн од страна на Ал-Каеда, добија големо внимание, наменети за да се подигне свеста, стравот и беспомошност меѓу публиката, создадоа персонифициран медиумски коментар „ова е една од најуспешните онлајн терористички кампањи досега ".

- Четврто, терористите се стремат кон признавање на мотивите. Тие тероризираат со цел пренесување на нивните пораки преку медиумите. Ова се постигнува само со спроведување на напади, што пак создава можност медиумите да известуваат за мотивите на терористите и нивните барања.[77]

Од претходно изнесеното се доаѓа до заклучок дека на терористите им се потребни медиумите за да добиваат бесплатен публицитет за својата кауза, за да ги пренесуваат своите пораки и да добијат поддршка, признавање и легитимитет. Со оглед на новите трендови во медиумите и комуникациската технологија, веројатно е дека терористите ќе врамувааат/имплементираат повеќе иновативни тактики за да ги постигнат овие цели.

[77] Picard, R.G. (1993). *Media Portrayals of Terrorism: Functions and Meaning of News Coverage*. Ames: Iowa State University Press.

## 4. Интеракција помеѓу современиот тероризам и медиумите

### 4.1. Односи помеѓу тероризмот и медиумите

„Како симболичен акт, тероризмот може да се анализира слично како и другите комуникациски медиуми, кој се состои од четири основни компоненти: предавател (терорист), наменет примач (целната публика), порака (терористичкиот акт-бомбардирање, заседа) и повратни информации (реакција на целната публика) ".[78]

Оваа концептуализација за тероризмот е исклучително корисна, бидејќи создава врска каде жртвите на терористичките напади не се нужно насочени примачи на пораката и главната функција на тероризмот е да комуницира преку самата порака, за да привлече внимание на јавноста преку сеењето на страв.

Оваа цел денес, особено е олеснета со мас-медиумите, кои воопшто не се двоумат да ги репродуцираат видеата и сликите за терористичките акти. Всушност, медиумите имаат посебен однос со тероризмот, поради актуелните терористички акти, кои предизвикуваат интензивни емоции и го привлекуваат интересот на големата публика.

Следејќи ги ваквите настани, (комбинацијата од насилство / закана од насилство, емоционалниот интензитет, неизвесноста, конфликтноста, конфронтација меѓу јасно дефинираните страни и хероизмот), со сите драматични состојки за „добра приказна", медиумите го наоѓаат својот интерес за да го зголемат профитот и да го привлечат вниманието на што побројната публика, со што и се објаснува фактот зошто терористичките акти добиваат толку висок публицитет - внимание, додека пак свесноста кај терористите околу интересот на медиумите за нивните акти на насилство, го експлоатира тој интерес за сопствени цели.[79]

Интерактивниот однос помеѓу тероризмот и медиумите се темели врз фактот што тероризмот се храни од публицитет, а слободата на медиумите ги прави агенциите повеќе склони кон манипулација. Според Вилкинсон, суштината на овој однос е сознанието дека тероризмот е само комуникациско оружје, чиј успех зависи од тоа што се пренесува на

[78] Karber, Philip A. (1971). "Urban terrorism: Baseline data and a conceptual framework", *Social Science Quarterly*.
[79] Weimann, Gabriel. (1986), "The mediated theater of terror: Must the show go on?" in: Peter Bruck (Ed.), *The news media and terrorism*, Carlton University Press, Ottawa.

јавноста. Затоа, медиумите и тероризмот се обврзани на единствена форма на соработка која е од корист за двете страни.[80] Овој интерактивен однос, е предмет на анализа на многу видни експерти кои во своите истражувања меѓудругото и напоменуваат:

„Тероризмот е наменет за луѓето што гледаат, а не за вистинските жртви. Тероризмот всушност е театар." [81]

„Тероризмот е способен да напише каква било драма - без разлика колку е страшна – за да го привлече вниманието на медиумите. " [82]

„Терористичките напади сега се оркестрирани за да го привлечат вниманието на печатот, медиумите и меѓународната заедница. " [83]

Максималното влијание на терористичкиот акт произлегува од широко распространетото медиумско покривање, кое создава атмосфера на страв кај населението, фокусирајќи го вниманието врз владата, економските и воените ресурси за борба против против теророт.[84]

Тероризмот без сведоци би бил бесмислен како игра без публика. Без да биде забележан, тероризмот нема да постои. Актот на убивање не создава терористички чин: убиствата и намерните напади се случуваат со толкава фреквенција во општествата што едвај се пријавуваат во медиумите, а она што го прави самиот акт, терористички чин е тоа што тој заплашува. Делата за кои ја доделуваме оваа етикета се акти со намера, а извршени на симболични места и во време достојно за почит.[85]

Терористичките напади поради нивната брутална природа и сликите од вистинската драма што ја нудат со себе, го разбудуваат интересот на јавноста, бидејќи тие се неочекувани и насилни, предизвикуваат огромни и разновидни емоции, реакции и имаат големо општествено и политичко влијание.

---

80 Wilkinson, P. (1997). The media and terrorism: a reassessment, *Terrorism and Political Violence*, 9, 2.

81 Jenkins, Brian. (1975). "*International Terrorism*", Crescent Publication, Los Angeles.

82 Miller, A. (ed.) (1982). *Terrorism, the Media, and the Law*. Dobbs Ferry, NY: Transnational.

83 Nacos, Brigitte L. (1994). *Terrorism and the Media: From the Iran Hostage Crisis to the World Trade Center Bombing*. New York: Columbia University Press.

84 Kimberly A. Powell. (2011). Framing Islam: A Analysis of U.S. Media Coverage of Terrorism since 9/11, *Journal Communication Studies*, Vol.62, Taylor Francis online.

85 Juergensmeyer, Mark. (2000). *Terrorism in the Mind of God: The Global Rise of Religious Violence*. Berkeley, CA: University of California Press.

Интерактивниот однос помеѓу тероризмот и медиумите се заснова врз следново:

1. терористите се хранат со публицитет;
2. слободата на медиумите во едно демократско општество овозможува нивна манипулација и експлоатација.

## 4.2. Категоризација на односот помеѓу терористите и медиумите

Поголемиот дел од академската литература, каде што оваа тема е дебатирана, укажува на симбиотски однос помеѓу тероризмот и мас-медиумите. „Тероризмот е способен за пишување било која драма-без оглед колку е ужасно-да се принуди вниманието на медиумите... Тероризмот, може да се перцепира како медиумско посвоено дете, кое за жал медиумите, не можат ниту целосно го игнорираат ниту да го негираат".[86]

Барнхурст предлага два модели кои се обидуваат да го опишат односот меѓу тероризмот и медиумите.

Првиот модел е ***медиумски-одговорен модел***. Според овој модел, медиумите комплетираат еден маѓепсан круг. Со известување за терористичките напади, медиумите имаат улога во пренесување на терористичките пораки до голема публика. Ова е клучна цел за терористичките организации, а тоа ги поттикнува да извршуваат повеќе напади, кои за возврат ќе бидат известувани од страна на медиумите. Ова создава еден магичен круг, во кој терористите ги реализираат нападите, кои се пријавени од страна на медиумите, а кои подоцна ќе доведат до повеќе напади. Во извесна смисла, моделот ги идентификува медиумите како причина за терористички напади.

Вториот модел е наречен ***медиумски-ранлив модел*** и застапува поглед на медиумите како да се жртва на тероризмот, а не причина. Ова гледиште предлага, иако медиумите теоретски би можеле да престанат да известуваат за тероризам, тоа нема да биде доволно за да се стави крај на терористичките активности. Терористите не мора да се потпираат на било кој медиум за комуникација. Тоа е затоа што функционира тековна конкуренција во современиот медиумски систем.[87] Покрај тоа, вестта за „кршење на

---

[86] Tuman, JS. (2003). *Communicating Terror: The Rhetorical Dimensions of Terrorism*, London, SAGE Publications.
[87] Barnhurst, KG. (1991). The literature from terrorism. In A.O. Alali & K.K. Eke, *Media coverage of terrorism, methods of diffusion*, London, Sage.

менталитет" е длабоко вкоренета во медиумите. Ова значи дека секој весник, телевизиска мрежа или радио станица постојано се обидуваат да бидат први за да покријат одредена вест, која ќе овозможи да привлече голема публика.[88] Ова е предизвикано поради зголемување на конкуренцијата меѓу медиумите во брзо покривање на настани. Во одредени случаи, овој притисок може да предизвика новинарите да ги потценат последиците од известување за тероризам или да доведе до погрешна интерпретација на активностите на терористичките организации.[89]

Со други зборови, тоа е тип на врска помеѓу две групи кои вклучуваат меѓусебна зависност каде едната страна ја надополнува другата. Постои, сепак, повеќе од еден вид на односи кои може да постојат помеѓу терористите и мас-медиумите. Разновидноста на причините, идеологиите, социјалните и културните условувачки фактори кои ги инспирираат различните терористички групи се еднакво применливи во видот на односи кои овие групи ги воспоставуваат со медиумите. Постојат четири различни модели на однесување и тоа:

1. **Потполна индиферентност.** Целта на терористите е да ги тероризираат своите жртви, без да бараат да се постигне медиумското внимание за нивните дела. Не постои очекување дека печатот ќе се вклучи (оваа ситуација е многу необична.)
2. **Релативна индиферентност**. Терористите не агитираат за да се појават во медиумите, иако тие се свесни за моќта на медиумите кои можат да ја објаснат нивната кауза.
3. **Медиумски-ориентирана стратегија**. Терористите не се само свесни дека печатот може да го прошири опсегот на нивните зборови и постапки, туку тие извршуваат серија на операции врз основа на знаењето дека ја поседуваат динамиката и функционирањето на продуцентите во вестите. По добро осмислените манипулации, медиумите се интегрираат во активностите на терористичките групи. (7/7 бомбашките напади во Лондон, резултираа со лавина од извештаи за чувствата и жалбите на муслиманите во Велика Британија и на други места во Европа како и за улогата на војната во Ирак во регрутирањето на домашните британски поданици. Медиумите во

[88] Glüpker, G. (2008). *Media and terrorism*. Norderstedt, Germany.
[89] Kushner, HW. (2000). *The Impact of terrorist events in the media on the traumatisation of society*. Vienna.

САД пренесуваа приказни на радикализација на млади муслимани во Европската дијаспора пред 7/7, но оваа покриеност изблeдна во споредба со далеку позастапеното известување за тешката ситуација на муслиманите во Западна Европа. Уште еднаш, ужасните акти на тероризмот предизвикаа покриеност со вести кои ја информираа јавноста во Велика Британија и целиот свет за состојбите и развојот кои треба да се дел од сите заеднички медиумски извештаи).

4. **Целосно уништување**. Ова е случај кога терористите ги перцепираат новинарите и известувачите како непријатели кои мора да бидат уништени, ставајќи ги на исто ниво како и другите директни противници. Пресот престанува да биде ентитет кој треба цинично да биде манипулиран (како Ахиловата пета на демократијата). Наместо тоа, на него се гледа како додаток на систем кој мора да биде уништен.[90] (Американскиот новинар Џејмс Фоли беше погубен од страна на терористичката организација Исламски калифат ISIS на 20 август 2014 година).

Овие четири опции ни даваат идеја за различните можни односи, кои може да се утврдат помеѓу овие два ентитети, а исто така ни овозможуваат да се утврди како терористите може да аплицираат наизменично во различните модели, па дури и да применуваат повеќе од еден истовремено. Всушност, современите терористички групи често имплементираат стратегии кои дејствуваат за да ги задоволат барањата на медиумите, додека во исто време ги перцепираат како составен дел од непријателот кои тие сакаат да го победат и да го уништат.

Стратегијата да се привлече внимание е наменета со цел за да се заплаши публиката и целната влада, така што дури и заканата од веројатност да се стане жртва на терористичко насилство е доволна да се создаде страв и на тој начин да се влијае врз процесот на креирање политики. Терористите знаат, дека употребата на медиумите им овозможува да постигнат повеќе од своите цели, поради важноста на фактот дека медиумите можат да влијаат врз јавноста и врз донесувачите на одлуки. Покрај тоа, терористичките групи вршат притисок врз владите и поттикнуваат страв кај јавноста. Медиумите се познати како моќни сили во конфронтациите меѓу терористите и владите. Медиумската покриеност е важна, особено што медиумите за терористите функционираат

[90] Wieviorka, M. (2004), *The making of Terrorism*, Chicago, The University of Chicago Press.

како алатка за намалување на асиметријата на моќта меѓу нив и ентитетот за борба против нив во актуелната и идеолошка војна, создавајќи атмосфера на страв и сомневање, легитимизирајќи ги делата и достигнувајќи бројна публика. Со оглед на овие мотиви, терористите рационално и стратешки ги изведуваат нападите со целосна свест за влијанието на медиумското покривање на речиси секој сегмент од општеството и владините претставници на речиси сите нивоа. За да го илустрира ова, Ајман ал Завахири, актуелниот лидер на Ал Каеда, тврди дека „Ал-Каеда е во битка и повеќе од половина од оваа битка се случува на бојното поле на медиумите. [Ал-Каеда е] во медиумска битка за срцата и умовите на *умот*" [91] - мерка за успехот на било кој терористички акт или кампања.

Технолошките достигнувања и промената на однесувањето на гледачите во изминатата деценија им овозможија на терористичките групи да ги користат медиумските алатки со поголема погодност. Новите медиуми им олеснаа на терористите да ги објавуваат своите пораки до светот преку веб-страници по сопствена дискреција и „новите технологии, едноставно дозволија ширење на терористичките пораки побрзо да стигнат до пошироката публика со поконцизна порака".[92] Официјалните медиуми се заменети со Интернет, што секако полесно, многу побрзо и поефективно се користи. Со други зборови, Интернетот ја замени улогата на печатените медиуми во областа на тероризмот, бидејќи за прв пат во историјата, терористите можат да превземат било какви пораки и слики директно во онлајн светот, кој е глобален. Со оглед на тоа што нивните приказни и пораки стигнуваат до бројната публика како преку традиционалните така и преку „новите" медиуми, терористите го користат овој публицитет посебно во напорите за регрутирање. Интернетот јасно го зголеми обемот на терористичката пропаганда и дејство и стана совршена алатка за терористите во смисла на унапредување на нивните оперативни цели со мал трошок и ризик.[93]

Интернетот ги исполни и ги надмина функциите на медиумите. Интернетот успеа да го революционизира тероризмот на многу начини, па врските што некогаш биле

[91] Seib, P & Janbek, DM. (2011). *Global terrorism and new media: the post Al-Qaeda generation*. Routledge, New York.
[92] Baran, Jessica. 2008. "Terrorism and the Mass Media after Al Qaeda: A Change of Course?" *The Peace and Conflict Review* 3, достапно на: http://www.review.upeace.org/index.cfm?opcion=0&ejemplar=7&entrada=63
[93] Nacos, BL. (2007), *Mass-Mediated Terrorism*, 2nd Edition, Lanham, MD, Rowman & Littlefield.

спроведувани непосредно/со физички контакт (како што се прибирање финансиски средства или обука), сега се спроведуваат преку веб-страници и виртуелни кампови за обука. Геопросторните слики од типот како што е Google Earth, може да се искористат за проучување на локации и планирање на потенцијалните напади.

### 4.3. Нови медиуми-домен и алатка на современите терористички групи

Новите трендови на терористичката пропаганда се базирани врз развојот на информатичката (ИТ) технологија и алатките, како и врз новите медиуми. Некои од нив се многу популарни и многу често се користени од страна на различни терористички групи, кои прават рамка за анализа на нови форми на пропаганда. Најчесто, терористите го користат интернетот за ширење на пораки како и создадат влијание, врз основа на целта на пропагандата. Интернетот како таков, има позитивна улога, но исто така е употребен и за нелегални активности, како на пр. сајбер-тероризам или други терористички активности.[94]

Интернетот е прифатен како идеално подрачје за активностите на терористичките групи, поради следните причини:

• лесен пристап;

• мала или воопшто без регулација, цензура или други форми на контрола од страна на владините служби;

• потенцијалните следбеници се низ целиот свет;

• анонимност при комуницирањето;

• брз проток на информации;

• ефтин развој и ажурирање на податоците на веб страните;

• мултимедијална средина (можност за комбинирање текст, графика, аудио и видео, како и можност корисниците да симнуваат филмови, песни, книги и сл. целни содржини.)

Интернетот како алатка за терористичкото дејствување е особено користен за две цели:

1. надворешни - за пропаганда и други терористички цели;

[94] Council of Europe. (2007). *Cyberterrorism - the Use of the Internet for Terrorist Purposes*. Strasbourgh.

2. внатрешни - за воспоставување команда, контрола и информативни цели.[95]

Интернетот им ја овозможува на терористите и екстремистите истата прилика и способност како што тој претставува и за остатокот на општеството: да комуницираат, соработуваат и убедуваат. Авторитетите на Велика Британија го препознаа интернетот како подрачје „каде многу типови на радикални погледи се строго промовирани".[96]

Терористите го користат интернетот за многу илегални цели, кои вклучуваат јавни провокации, радикализација, поттикнување, пропаганда или идеализација на терористите, обука (учење), планирање и организирање на терористички активности.

Најпопуларните средства кои ги користат терористите за радикализација и ширење на екстремистичките идеали, а кои можат да бидат искористени во терористички дејства, се различни видови на социјални медиуми (пр.социјални мрежи[97], блогови, бизнис мрежи, форуми, форуми за слики,итн.).

Тука се наведени неколку форми на злоупотреба на социјалните мрежи за сопствени цели:

• ширење на нелегални содржини, заканувања и терористички напади;
• поттикнување, рекламирање и величање на тероризмот;
• собирање средства и финансирање на тероризмот;
• обука за тероризам;
• регрутирање за потребите на терористичките организации;
• ширење на расизам и ксенофобични материјали;
• други употреби за интерна комуникација, стекнување на информации и анализа.[98]

Онлајн платформите често се користат како пропаганда за ангажирање и убедување на разни поединци, особено младите, со цел да ги поддржат разните групи што се борат во Сирија и Ирак. Одреден број на поединци што не се придружиле кон ИД на бојното поле, ја отстваруваат борбата на социјалните мрежи користејќи ги своите профили за да дадат

---

[95] Hoffman, B. (2006). *Inside Terrorism* (revised and expanded edition). Columbia University Press. NY.
[96] The United Kingdom's Strategy (2006). *Countering International Terrorism*. UK Home Office. London.
[97] „Социјални мрежи " се група на веб базирани апликации коишто се креирани за размена на податоци и/или информации помеѓу физички лица и групи на луѓе (Facebook, Twiter, Youtube, My space, Linked, Flick и др.) Тие се on-line платформа која овозможува на физичките лицада се приклучат или да креираат мрежи на корисници со истомисленици. Социјалните мрежи се појавуваат во најразлични форми и тоа како: соби за разговор – chat room, блог групни дискусии, фото и видео споделување – sharing и сл.
[98] Council of Europe. (2007). *Cyberterrorism – the Use of the Internet for Terrorist Purposes*, Strasbourgh.

поддршка на ИД или Ал-нусра. Ширењето на таквата пропаганда на албански јазик од ИД и другите организации придонело кон зголемување на нивните поддржувачи. Истражувањето за активностите на социјалните мрежи на различните групи го покажува дискурсот на интернет сајтовите што ја промовираат ИД, содржината на тие страници, нивниот однос кон демократските процеси како изборите и вработувањата во секуларните државни институции, другите верски заедници и државните безбедносни институции, како и проповеди за џихад и поддршка за истакнати членови на разни насилни екстремистички групи.

Некои од профилите поврзани со ИД известуваат директно од бојните полиња. Една темелна анализа на страниците и профилите на социјалните медиуми покажа широка дистрибуција на слики што промовираат заканувачка содржина за Скопје. Покрај тоа, наспроти другите земји во регионот, во Македонија поддржувачите на осудените етнички Албанци споделуваат слики преку кои тие ја поддржуваат т.н. „Исламска држава". Таквата содржина особено често се појавува за време на светиот месец Рамадан. Тие ја промовираат идејата дека се „посветени муслимани" истовремено поткопувајќи го влијанието на Исламската заедница во Македонија.

Во Македонија, постојат три категории на интернет содржина:

(1) екстремистички групи што се залагаат за насилство;

(2) пропаганден материјал, како повици за џихад или поддршка за затворените имами;

(3) тенденции и ставови кон државата, институциите и генерално кон општеството.

Последниот тренд на поддржувачи на екстремистичките групи на социјалните медиуми беше повикот да не се гласа на локалните избори во Р.Македонија. Покрај тоа, нивниот дискурс беше насочен против политичките партии за кои се смета дека имаат верска основа бидејќи, како што тврдат тие, учеството во демократските процеси е во спротивност на нивните принципи.[99]

Исто така, социјалните медиуми, како најпопуларен домен на модерната комуникација, станаа алатка за терористичка комуникација, а главната предност е тоа што

[99] Флориан Ќехала и Скендер Пертеши. (2018). Неистражена врска: Прашањата на радикализам и насилен екстремизам во Македонија. Косовски центар за безбедносни студии, The Balkan trust for democracy.

терористите комуницираат преку отворени канали. Терористите ги користат социјалните медиуми за ширење на материјали со насилна содржина со цел да започнат процес на пронаоѓање нови регрути, а посебно се грижат за радикализацијата како процес со кој индивидуата или групата ќе присвјат повеќе екстремистички идеали и аспирации, кои пак ќе можат да доведат до насилство и екстремни дејства.




**Слика 3: инфографика на македонските социјални медиуми**

Во Р.Македонија, поддржувачите на екстремистичките групи на социјалните медиуми се поактивни во споредба со Косово и Албанија. Иако не знаеме колкава е количината на содржина на тие страници, од нашето истражување и следењето на социјалните медиуми, можеме да заклучиме дека етничките Албанци во Р.Македонија

промовираат материјали на екстремистички групи почесто така што таквата содржина ја споделуваат или твитаат често во своите групи или на своите профили. Исламската заедница во Р.Македонија нема добро воспоставена интернет платформа која би придонела кон верско образование на младите и би помогнала да се спречи насилниот екстремизам преку комуникација. Муслиманската заедница во Македонија треба да изгради соодветни онлајн платформи и канали (Јутјуб, Фејсбук и Твитер) за стратешки да се спротивстави на аргументите на екстремистичките групи за регрутирање.

Новите трендови на терористичката пропаганда кои се реализирани преку новите медиуми, дефинитивно ја сменија природата на терористичките активности и со нив се зголеми ефикасноста на терористичките напади.

### 4.4. Влијанието на медиумите врз приказот на тероризмот

Традиционалното истражување за тероризмот смета дека медиумите се од витално значење за терористичка група, бидејќи со нивно посредство привлекуваат внимание и го шират стравот или теророт кон публиката. Значи, централната цел на тероризмот не е самиот чин на насилство или убиството на целта, туку преку самиот акт на насилство да се распространe теророт и несигурноста меѓу населението, како и да се пренесе пораката на групата. Така може да се смета дека медиумите се терористички „со-учесници"[100] или дури и нивниот „најдобар пријател"[101], како „кислород на публицитет".[102]

Слично како и на терористите, на медиумите им е потребна јавноста за да постојат. Терористичката потреба од медиуми како и потребата медиумите да најдат тероризам се целни содржини за добра вест.

Елементи кои се од интерес за медиумите да известуваат за терористичките акти се следниве:

1. ***Човечки интерес (сензационализам).*** Фокусот на човечкиот интерес е вест со драматичен настан, па оваа „страст" на човечкиот интерес за драматични приказни

[100] Schmid, A.P. (1989). Terrorism and the media: The ethics of publicity. *Terrorism and Political Violence, 1*(4).
[101] Hoffman, B. (2006). *Inside Terrorism* (revised and expanded Ed). New York: Columbia University Press.
[102] Margaret Thatcher in Wilkinson, P. (2000). *Terrorism versus democracy: The liberal state response*. London: Frank Cass.

доведува до мотивот за покривање на терористички активности. Ова преферирање на медиумите ја зајакнува опасноста од тероризам наместо негово оглушување.

2. ***Конкуренција и брзина***. Медиумите во отвореното демократско општество се жесток конкурентен пазар за нивната публика, постојано под притисокот да се биде прв со вестите и да се обезбедат повеќе информации, возбуда и забава од останатите ривали, каде брзината е од суштинско значење. Развојот на насловите во вестите помага тероризмот да има непосредно влијание врз огромен број на луѓе. Интернетот донесе промени во медиумскиот пејсаж, па конкуренцијата која од отсекогаш била важен фактор, воспостави уште поголем фокус на „вонредните вести" кои известуваат за терористичките активности. Впрочем, сите сакаат да бидат први кои ќе прикажуваат настани, со цел да се осигураат дека гледачите го гледаат нивниот канал.

3. ***Зголемување на профит***. Преку пријавување на терористички напад, ТВ станицата може да ги зголеми своите рејтинзи и да го зголеми своето рекламирање на приход. Брижит Накоє споменува дека: „медиумите се наградени емитувајќи тероризам со тоа што ја поттикнуваат конкуренцијата со големината на публиката и циркулацијата на сите важни реклами".[103] Тероризмот и жртвите бележат безначајност во однос на војните и други предизвици со кои се соочува општеството, пренесувајќи впечаток на сеприсутност на насилството, со тенденција да ги преувеличува способностите на терористите и под проценка на силата и позицијата на владите, медиумите се способни да го подигнат нивото на анксиозност кај населението и да создадат средина каде насилството е речиси прифатено. Во таква средина јавноста е под хистерија, фатализам па оттука сите реакции би можеле да служат во политички цели и да го зголемуваат профитот на медиумската трговија.

Резултатот не е само во набљудување на оние настани кои и покрај нивниот интерес, немаат конфликтна природа, туку и во формирањето на опасен модел за оние кои сакаат да бидат „јавни" по секоја цена.[104]

Всушност, телевизиското покривање на ефектите од терористичкиот напад (особено ако е во живо) создава една парадоксална ситуација во која гледачите можат да замислат повеќе ужасни сцени од вистинските сведоци кои се наоѓаат во областа.[105]

[103] Nacos, B.L. (1996). *Terrorism and the Media: From the Iran Hostage Crisis to the Oklahoma City Bombing.* New York: Columbia University Press.
[104] Ignatieff, M. (1998), *Warrior's Honour: Ethnic War and the Modern Conscience.* New York, Henry Holt and Co.

Медиумите се во сопственост и под контрола на големите корпорации кои во голема мера се мотивирани од учеството на пазарот и профитот. Ова влијае на нивниот стил, содржина и практики на известување. Објективното известување често се надминува со други фактори, во обидот да се здобијат со поголем удел на пазарот на гледаност. Бидејќи ексклузивните вести се ценети цели, покривањето на тој начин може да биде селективно, често овозможувајќи јавното мислење и владините изјави да креираат агенда како вестите ќе течат. Во такво политичко и пазарно опкружување, медиумите често ќе го изгубат критицизмот за контра-терористичките политики.

Медиумите ја олеснуваат „намерата" на терористите, имено Карлос Маригела, бразилски терорист, во неговата книга „Мини-прирачник за урбаната герила"[106] ја доловува важноста од медиумско внимание за терористичките акти и начините на кои терористите ги користат медиумите одредувајќи ги следниве принципи во насоките при идните терористички активности:

- ✓ терористичките акти треба да бидат насочени кон публиката, пошироката јавност;
- ✓ жртвите треба да бидат избрани врз нивно симболично значење;
- ✓ медиумите се желни да го опфатат терористичкото насилство;
- ✓ медиумите можат да бидат активирани, насочени и манипулирани за пропаганден ефект;
- ✓ владите се во неповолна позиција, бидејќи нивниот единствен избор е или цензура или дозвола да терористите ги искористат медиумите во име на нивните цели.

Еден од водечките истражувачи од оваа област, Брус Хофман посочува дека: современите медиуми, како главен извор на информации за терористичките дела, играат важна улога во калкулациите на терористите. Всушност, без вниманието на медиумите, влијанието на актот е залудно потрошено време, останувајќи тесно ограничено непосредно врз жртвите на нападот, без тоа внимание да стигне до пошироката „целна публика" врз која насилството на терористите е всушност насочено. Само со ширење на

---

[105] Ganor, B. (2005). *The Counter-Terrorism Puzzle. A Guide for Decision Makers*. New Brunswick USA, Transaction Publishers.
[106] Marighella, C. (1969). *Mini-Manual do Guerrilheiro Urbano.* (No publisher listed, but stated as published on June 1st, 1969).

теророт и бесот врз големата публика, терористите можат да го искористат своето влијание да извршат фундаментални политички промени.[107]

Масовните медиуми капитализираат од конфузијата и загриженоста предизвикана од терористички напади за да ја произведат драматичната вест што привлекува внимание на своите гледачи и читатели. Следствено, терористичките организации прецизно го пресметуваат обемот, локацијата и времето на нивните напади, за да генерираат доволно медиумско внимание или со други зборови, да генерираат реклами за нивните пораки на глобално ниво.

Поширокото и подолготрајно медиумско покривање на тероризмот, покажува поголемо влијание врз чувствата на терористите во остварувањето на нивното влијание и моќ. Брус Хофман, вели: „само со ширење на теророт и бесот врз многу поголема публика, терористите може да го стекнат максималниот потенцијал на потпора".[108] Односот меѓу медиумите и тероризмот може да биде објаснет преку разбирањето дека медиумите гледаат ужасни инциденти како вести, кои за возврат го докажуваат нивниот кредибилитет. Медиумите се гледаат како сигурен извор на информации, па на тој начин создаваат еден вид на маркетинг и публицитет, кој се совпаѓа со визијата на сторителите на тероризмот.

Брајан Џенкинс, истакнува дека „традиционалните терористи" сакале многу луѓе да гледаат, а не многу луѓе да умрат.[109] Спротивно на ова „новиот, современ терорист" сака да убие колку што е можно повеќе луѓе.[110] Логиката на гореспоменатото тврдење за односот помеѓу тероризмот и медиумите останува иста, особено ако се смета дека бројот на жртви е пропорционален со значењето на терористичкиот акт во медиумите, што со други зборови може да се очекува дека повеќе насилните напади ќе доведуваат до поголемо внимание на јавноста.[111]

Медиумите избираат настани кои се значајни (врз основа на свој сет вредности, кои приоритет им даваат на насилството и конфликтот во било која форма). Емитувањето

107 Hoffman, B. (2006). *Inside Terrorism* (revised and expanded ed.). New York: Columbia University Press.
108 Hoffman, B. (2006). *Inside Terrorism* (revised and expanded Ed.). New York: Columbia University Press.
109 Jenkins, B.M. (1975). *International terrorism: A new mode of conflict.* Los Angeles: Crescent.
110 Erson, N. Kurtulus. (2011). The New Terrorism and Its Critics, *Studies in Conflict & Terrorism*, Taylor and Francis Online.
111 Alexander Spencer. (2012). The Social Construction of Terrorism: Media, Metaphors and Policy Implications, *Journal of International Relations and Development*, Vol. 15. No. 3.

на прес програма вклучува безбројни подготвителни активности кои вклучуваат избор и дискриминација на содржина која секојдневно се става на масата на секој субјект кој работи и пишува статии кои ќе се емитуваат во медиумите. Постои конкуренција помеѓу различните приказни во однос дали истите ќе се емитуваат, а преовладуваат оние кои се повеќе драматични, повеќе спектакуларни во визуелна смисла, поемотивни и содржат други елементи кои можат да бидат асимилирани од страна на слика - ориентираната култура.

Медиумското внимание е клучно за успехот на терористичките напади. Квалитетот на медиумското покривање на инцидентите за терористичкиот акт не е од суштинско значење за терористичките групи, колку што е опсегот на покриеност и интензитетот. Ова значи дека доколку тактичките цели од нападите на терористите не успеваат, успехот е во остварувањето на нивната пропаганда како цел. Сепак, понекогаш ова толкување може да биде еднодимензионално затоа што не можеме да го одделиме видот на медиумско покривање од реакцијата на јавноста, ниту пак треба да се претпостави дека сите терористи бараат публицитет на прво место за сметка на нивните другите тактички или политички цели.

Медиумите, како главен канал на информации, играат важна улога преку конвергирањето на тероризмот, особено преку терористичките акти, преку кои се обезбедуваат бесконечени извори на сензационални, визуелни и привлечни вести, способни за зголемување на бројот на публиката, исполнувајќи ги целите на терористите, да се појават во најпопуларните телевизиски програми, да добијат голем публицитет, да создадат легитимност на медиумското внимание во очите на нивните следбеници и обожаватели.

### 4.4.1. Одлука за кои инциденти да се известува и како да се известува

Склоност на печатените и електронските медиуми е да се даде приоритет на терористичките инциденти во нивните вести. Ова е разбирливо, со оглед на влијанието кое тероризмот може да го има врз креирањето на политиките во домашното или меѓународното политичко опкружување. Сепак, медиумите не се конзистентни во тоа за кои инциденти да известувааат или како да известуваат. Тие често опширно покриваат

акти на политичко насилство без притоа да обезбедат доволно информации и за другите настани.[112]

Од значење за медиумите е да бидат први што ќе објават информација, додека пак на терористите од значење им е да соберат што е можно повеќе детали за актот (преку вниманието од медиумите), па оттука доколку постои медиумски интерес за таа информација, медиумите и терористите ќе ги имаат истите интереси: приказната е создадена, а медиумите и терористите ќе бидат подеднакво заинтересирани таа да трае што е можно подолго. Всушност, колку е поголема драмата на некој настан, толку е подолго известувањето, а со тоа ќе се задржи и вниманието на публиката, кое исто така е во интерес и за медиумите и за терористите. Директност, ексклузивност и драма (колку поопасни, толку подобро) стануваат главни средства за привлекување на гледачи и обезбедување приходи од ТВ-реклами.

Односот помеѓу кредибилитетот дека некој одлучува што тој или таа ќе гледа визуелно и употребата на факторот-доверба од страна на медиумите е предмет на размислување. Ова значи дека производот што ТВ станиците го нудат е „реалност во себе и за себе", без да се земе во предвид контекстот и групата на други околности што ги „опкружуваат" овие слики. Со оглед на оваа визуелна предност, телевизијата не се двоуми да го докажува нејзиниот капацитет за да допре до вест секаде каде што настанот може да се случи. Ова прогласување, сепак, има опасна заблуда. Финансиските ограничувања, предизвикаат медиумите да ги концентрираат своите ресурси онаму каде што „се верува" дека постојат вести од повисок интерес.[113]

Резултат на гореспоменатата ситуација е постоење на неколку делови на планетата, за кои никогаш не се дискутирало во вестите и покрај појавата на проблематични ситуации кои би можеле да влијаат на светот како целина. Овој асиметричен квалитет на вести предизвикува терористите да ги концентрираат нивните напори на оние места каде што тие можат да добијат внимание од медиумите, со игнорирање на други места каде што нивните акции не добиваат интерес.[114]

---

[112] Rainey, J. (2005), 'Unseen Pictures, Untold Stories', *Los Angeles Times*.
[113] Laqueur, W 2003. *No End to War: Terrorism in the Twenty-First Century*, New York, Continuum.
[114] Manuel R. Torres Soriano. (2008). Terrorism and the Mass Media after Al Qaeda: A Change of Course? *Athena Intelligence Journal* Vol. 3, No 1.

Процесот на донесување на одлука за кои настани да се известува, често е поттикнат од оценката какви видови на вести ќе привлечат повеќе публика. Ако се одлучи дека драматичните инциденти ќе придонесат кон зголемен број на гледачи, медиумите нема да се двоумат да дадат приоритет на такви инциденти во дневните изданија или емитувања. Медиумите може да бидат многу селективни околу одлуката за кои терористички инциденти да известуваат. Крајната одлука има тенденција да биде во корист на она што најмногу влијае на читателите или гледачите.

Медиумите преку профитот од драмата создаваат тероризам и на сензационален начин ги покриваат вестите поврзани со тероризмот, притоа, истите можат директно или индиректно да им служат на интересите на терористите во поедноставување на приказните до гледачите, до тој степен што би немале многу врска со актуелните настани. Повторувањето на трауматизирачките сцени и приказни, исто така, може да им служи, на терористите во исполнување на целите за да бидат во медиумите што е можно подолго и подолго. Покрај тоа, пристрасноста на медиумите и опсесијата од сензационализмот може да им помогне да ја надминат употребата на медиумите како алатка, да создадат атмосфера и политика на страв и да создадат зрели услови за пропаганда и регрутирање по секој терористички напад. Со оглед на ова, може да се потврди дека целите и задачите на терористите се многу поврзани со поставувањето на дневниот ред и кадрирањето, а начинот на кој медиумите ги покриваат вестите и приказните има суштинско влијание врз начинот на кој терористите комуницираат, спроведуваат напади и добиваат основа во секојдневниот живот на публиката. Колку подобро терористите го разберат овој механизам во врска со медиумите, толку би била поголема медиумската покриеност за да добијат помасовен публицитет и можност да ја покажат својата способност.

Одлуката како да се известува за терористички инциденти од гледна точка на читателот или гледачот, навидум е субјективна вежба. Медиумските извештаи никогаш не биле доследни во нивниот опис за сторителите на терористичките инциденти, ниту пак биле во согласност во карактеризирањето на примери за екстремистичко насилство како тероризам.[115] Извештаите во медиумите се неконзистентни со етикетирање на сторителите на политичко насилство. Медиумските интереси за прикажување на насилната природа на тероризмот може да бидат несразмерни во истражувањето со основните причини за ова

---

[115] Gus, M. (2011). *Essentials of terrorism: concepts and controversies*, Sage Publications, Inc, USA.

насилство. Етикетите како „герила",„екстремисти" или „командоси", одразуваат тенденција да се користи индиректен или нејасен јазик за да се опише она што инаку би можело да биде окарактеризирано како ужасно однесување. Еуфемизмите кои се применуваат се зборови надвор од нивното нормално значење со цел да го маскираат или ублажат јазикот на насилство и се исто така честа појава меѓу владите, креаторите на политиката и останатите актери. Оваа практика е намерно медиумски ориентирана така што печатот и јавноста би можеле полесно да ги прифатат инцидентите или политиката.

Всушност, медиумите отсекогаш биле заинтересирани за известувањето за тероризмот; сепак, неодамнешното ширење на телевизиски и радио канали и појавата на мега-медиумски организации резултираа со поголема конкуренција и незаситни апетити за шокантни, сензационални „инфозаписи" за кои се верува дека ќе ја задржат публиката, ќе ги зголемат рејтинзите и циркулацијата и ќе го зголемат профитот.[116]

Всушност проблемот не е *зошто* медиумите го покриваат тероризмот, туку во *тоа како* медиумите го покриваат тероризмот. Медиумите ги покриваат терористичките дејства со испишување на сензационални искази, пишување за тоа кој е виновен, повторување на истите слики одново и одново, одвојување на физичките и менталните здравствени последици од катастрофи и создавање нови синдроми. Покрај тоа, медиумите ја трауматизираат публиката со претерување во заканите, како што беше случајот во САД по 11 септември, покажувајќи постојани снимки од борбени сцени. Со други зборови, политиката на страв е доминантен мотив за вести и популарна култура денес.

Медиумите го поставуваат *дневниот ред* на настани за кои ќе известуваат. Поставувањето на агенда на настани, со поголемо внимание на медиумот кон одреден феномен, ја истакнува и важноста што јавноста го припишува на таквото прашање. Вниманието, со кое медиумите ги покриваа нападите на 11 септември преку својот фокус, беше смртта на илјадници цивили во чин на војна против Америка, причината беа терористите, а лекот брзо стана војна против сторителите.[117] Перцепцијата на јавноста може да биде негативно засегната од реториката на медиумите, нејзината пристрасност кон одредени групи и врамувањето на одредени етнички и / или верски групи како терористи и на настаните како акти на тероризам.

---

[116] Nacos, BL. (2007). *Mass-Mediated Terrorism*. 2nd Edition. Lanham, MD, Rowman & Littlefield.
[117] Entman, Robert M. (2003). "Cascading Activation: Contesting the White House's Frame After 9/11." *Political Communication* 20.

Понекогаш медиумите ненамерно ги промовираат терористичките операции и им даваат на нив незаслужено медиумско внимание, а со цел да постигат слава, сила, пари и идеолошко влијание. Ова е всушност т.н. игра на заеднички интереси меѓу терористите и медиумите и е корисна за двете страни; односно и двете имаат корист од терористичките напади, терористите добиваат публицитет, додека пак медиумите имаат финансиски придобивки бидејќи извештаите објавени во оваа област резултираат со масовен интерес, а со тоа вредноста и можноста за оваа покриеност се зголемува.

Мајкл Џетер, професор на Факултетот за економија и финансии при Универзитетот во Меделин, Колумбија, анализирал повеќе од 60.000 терористички напади во период помеѓу 1970 и 2012 година и како што е соопштено во Њујорк тајмс, во неговите истражувања истакнува дека во последниве години, светот е сведок на застрашувачко зголемување на бројот на терористички напади. Базата на податоци за глобалниот тероризам, наведува за 1.395 напади во 1998 година, додека пак оваа бројка рекордно расте во 2012 год на 8441 напад. Џетер во своето излагање наведува „терористичките организации добиваат широко медиумско внимание„. Тероризмот е насекаде во сите телевизиски станици, весници и радио. Ние исто така знаеме дека на терористите им е потребно медиумско покривање за да ја шират својата порака, да создадат страв и регрутирање на следбеници. Изнесените податоци го поставуваат прашањето дали намалувањето на терористичките напади ќе резултира преку ограничување во известувањето за актите од тероризам. Џетер истакнува дека секој ден умираат 42 лица од терористички напади, во споредба со 7.123 деца кои умираат од глад, сиромаштија и слични поврзани причини на светско ниво. Посочува „дека можеби ќе треба да размислиме за сензационалистичкото покривање на тероризмот и прекин да им се обезбедува на терористите бесплатна медиумска платформа",. Тој додава дека „медиумското покривање на другите настани кои предизвикуваат повеќе штета во светот, не треба да се занемари на сметка на медиумските маратони кои известуваат за суровоста на терористите". Истражувачите мора да посветат доволно време на проучување на деликатниот однос меѓу медиумите и тероризмот со цел да се постигне подобар живот и разбирање за односот помеѓу двата ентитета. Истражувањето сугерира дека постои корелација помеѓу медиумското покривање и терористичките напади, бидејќи двата имаат врска во кои првото го храни второто и дека известувањето за еден терористички акт

произведува 1.4 напади следната недела со приближно околу 3 жртви, теорија која е претставена во неговото истражување.[118]

4.5. Емпириски приказ на интеракцијата меѓу тероризмот и медиумите

На графикон бр. 1, се прикажани најзначајните локации во светот каде поединци преку Твитер даваат поддршка на ИСИС во 2017 г.

**Графикон бр. 1**




Извор: CNN

Од графикон бр. 1 се гледа дека во Саудиска Арабија има најголем број на поддржувачи на терористите од ИСИС преку Твитер, а најмал во Тунис. Изненадува фактот што и САД високо котира на оваа листа.

[118] Michael Jetter. (2012). Terrorism and the Media, *Discussion Paper No. 8497* September 2014, Germany.

На графикон бр. 2 се гледа листата на медиуми кои објавиле преку 10,000 статии за тероризмот во 2017 г.

**Графикон бр. 2**




Извор: BBC

Од графиконот се гледа дека најмногу известувале the American Press, а најмалку the Telegraph од Велика Британија. Изненадува што CNN е ниско рангирана на листата, со оглед на нејзината популарност.

На графикон бр. 3 се гледа процентуалната промена во агендата на вестите по наслови.

**Графикон бр. 3**




Извор: the Guardian

Имено од графиконот се гледа дека актуелноста на тероризмот доживеал највисок раст, а криминалот паднал на најниско ниво. Воопшто не изненадува овој факт, со оглед на тоа што тероризмот зафаќа најголем волумен од настаните ширум светот.

На графикон бр. 4 се гледа процентуалното учество на медиумите во известувањето за војната во Ирак.

**Графикон бр. 4**

**Процент на медиуми за војната во Ирак**




Извор: the American Press

Од графиконот се гледа дека во медиумите кои известуваат за војната поголем е процентот на Американските медиуми, во однос на останатите медиуми од светот. Не е изненадувачки овој факт со оглед на тоа што САД се најинволвирани во Ирачката војна.

На графиконот бр. 5 се гледа типот на медиум кој е најфреквентен во интеракцијата со тероризмот.

**Графикон бр. 5**

**Тип на медиум**




Извор: Washington Post

Од графиконот се гледа дека најчест медиум во интеракцијата со тероризмот се јавува директниот пренос, а најредок е форумот. Многу блиску до преносот се интернет вестите. Не е изненадувачки фактот бидејќи тероризмот е актуелна тема која секој сака да ја гледа во живо.

На графикон бр. 6 се гледа фреквенцијата на спомнување на збор во вестите на CNN во 2017 г.

**Графикон бр. 6**

**Фреквенција на спомнување на збор на CNNво 2017 г.**




Извор: CNN

Од графиконот се гледа дека најчесто користен е зборот тероризам, што не не изненадува со оглед на популарноста на оваа тема.

Од графикон бр. 7 се гледа најфреквентно користениот медиум за известување од нападите на Париз и Бејрут.

**Графикон бр. 7**

**Покривање на медиум по тип**




Извор: Reuters

Имено од графиконот се гледа дека нападите и во Париз и во Бејрут најмногу се покриени со Интернет вестите, а најмалку со печатените медиуми. Изненадува рангот на преносот со оглед на тоа што интернетот е најчест тип на медиум при известувањето на терористичките напади.

Терористичките напади (во ноември 2015 година), во Париз (Франција) каде загинаа најмалку 129 лица и во Бејрут (Либан) каде загинаа најмалку 43 лица се претставени на следниов графикон каде глобалната поддршка и внимание на двата инциденти се разликуваат видно, а одговорноста и за двата терористички акти ја превзема ИСИС. За да се измери разликата во вниманието на интернет откако се случи нападот во Бејрут, PRI направи неколку едноставни проценки користејќи неколку бесплатни онлајн алатки. Доказите, за жал, го потврдија набљудувањето погоре.

Според Гугл Трендс, кој ги следи термините што се користат во неговиот пребарувач, од вкупните пребарувања, терминот „Париз", има двојно повеќе во потрагата за разлика од терминот „Бејрут", пред да се случат двата напади. Кога бомбашките напади во Бејрут се случија на 12 ноември, активноста за пребарување за „Бејрут" за жал остана непроменета.



### 4.6. Нови трендови кои имаат влијание врз тероризмот и медиумите

Серијата на неодамнешните терористички акти укажува на појавата на трендови кои влијаат врз односот помеѓу медиумите, тероризмот и владата. Тие ги вклучуваат:

- тренд кон терористичка анонимност,
- тренд кон понасилни терористички инциденти и
- трендот кон напади на медиумскиот персонал и институции.

***Анонимен тероризам***

Денес гледаме примери на анонимен тероризам каде што никој не ја презема одговорноста и нема поставени барања. Ова им овозможува на медиумите поголема улога во шпекулациите и генерално ги отстранува повеќето основи за обвинувања дека тие ги распространуваат терористичките барања или агенда. Репортажата е неизбежна, особено ако таа вклучува шпекулации во заднина, лажни закани или измами, покриеност која може да дава публицитет на терористите агенди како што е ширење на паника која му штети на туризмот и провоцира силни владини реакции кои доведуваат до непопуларни мерки, вклучувајќи ги и ограничувањето на индивидуалните слободи.

***Насилен тероризам***

Во контекст на напредната информациска технологија, трендот што укажува на понасилни терористички акти не може да се игнорира. Додека во целиот свет бројот на случаеви на терористички акти опаѓа нагло, последнава деценија, бројот на жртвите од делата се зголемува, а трендот продолжува „кон повеќе безмилосни напади врз цивилни цели и кон користење на помоќни деструктивни бомби". Како, тероризмот станува понасилен, така се повеќе се зголемуваат перцепциите дека печатот е до одреден степен одговорен за олеснување на тероризмот или проширување на неговите ефекти.

***Напади на персоналот од медиумите и институциите***

Според Центарот за проучување на тероризмот и политичкото насилство при Универзитетот Свети Андреј, меѓународниот тероризам убива околу 350 луѓе секоја година. Додека ова се исклучителни бројки, настаните како 11 септември, бомбашките

напади на Бали и масакрот во училиштето во Беслан, создадоа спектакл на ужас, кој сам по себе го впишува во културната имагинарност на меѓународната заедница. Во многу погледи тероризмот се реализира преку спектакл на медиумски дискурсии, станува антитеза на нашиот современ проект, создава нова закана, ново нарушување што ја предизвикува траекторијата на глобалната политичка и социјална хармонија.[119]

Некои коментатори сугерираат дека нивото на страв во заедницата е непропорционално со вистинскиот ризик од глобалниот тероризам.[120] Овој поглед сепак има тенденција да ја нагласи симболичната амплитудата на тероризмот и начините на кои медиумите и јавниот дискурс ја претставуваат социјална имагинарност што повторно го претставува светот на феномените како социјално знаење.

Нападите на новинари кои се отворени прашања од интерес кај терористите се чини дека се во пораст, особено нападите кои се случија во Алжир, Мексико, Русија, Чеченија, Лондон, секако и во Вашингтон (Националната зграда за прес) како и во седиштето на Обединетите нации во Њујорк.[121] Убиствата на двајцата американски хонорарни новинари претставуваат преседан во историјата на Комитетот за заштита на новинарите. Обезглавувањето пред камера во период од две недели - Џејмс Фоли, а потоа Стивен Сотлоф очигледно беа акцелерација на моделот – кој датира од убиството на Даниел Перл во 2002 - криминални и бунтовнички групи кои ги прикажуваат убиствата на новинарите со цел да ја распространат пораката на теророт. Со подемот на мобилната интернет технологија и социјалните медиуми во последниве години, невладините актери како Ал-Каеда и Боко Харам се обидоа да креираат платформи како Твитер и Јутјуб за себе, заобиколувајќи ги традиционалните медиуми а со цел да се дистрибуираат директно нивните пораки. Секако и Исламската држава не е исклучок која го користи методот на обезглавување на новинари, како начин да ја истакне својата платформа.

[119] Lewis, J. (2005). *Language Wars the Role of Media and Culture in Global Terror and Political Violence*. Pluto Press, London.

[120] Wilkinson, P. (1997). The media and terrorism: a reassessment. *Terrorism and Political Violence*, 9, 2.

[121] Според Комитетот за заштита на новинарите со седиште во Њујорк, повеќе од 1282 новинари биле убиени од 1992 како последица на нивната работа; 46 новинари се убиени во 2017 година. Види ја веб страната: http://www.CPJ.ORG/.

### 4.7. Препораки за минимизација на ефектот од тероризмот врз медиумите

Медиумите играат централна улога во анализата на политичкото насилство и се ставаат во позиција каде можат да ги зголемат или минимизираат ефектите од ваквите дела, па оттука препораките подолу би можеле да се применат со цел да се минимизираат ефектите на тероризмот поврзани со медиумите:

1. *Промена на реториката* - Нема сомневање дека медиумите сакаат да известуваат за тероризам. Меѓутоа, начинот на кој настаните се врамуваат и степенот до кој тие се опфатени е исто така важен. Според тоа, со цел да се смени односот помеѓу тероризмот и медиумите, од голема важност е медиумите да ја преиспитаат и променат својата реторика со која ги покриваат вестите и приказните поврзани со тероризмот. Исто како што безбедносната елита може да ги окупира прашањата во меѓународните односи преку акти на говор, медиумите можат да го прифатат истиот пристап и да ги окупираат актите и приказните поврзани со тероризмот преку покривање на тие инциденти исто како и секоја друга приказна на поодговорен начин и со помалку „сензационални" вести. Со ова, не само што може да се спречат терористите да го користат медиумско покривање како важен публицитет и алатка за регрутирање, туку во исто време се спречува и појава на атмосфера на страв во јавноста. Исто така, може да ја принуди владината и безбедносната елита да донесуваат порационални одлуки во борбата против тероризмот. Оттука, покриеноста на вестите со помалку ужасни сцени, помалку трауматизација, помалку сензација и повеќе внимателно одбрани информации претставуваат суштинско значење за разбивање на интеракцијата.

2. *Објективност* - Медиумите треба да имаат свесно чувство за своите одговорности кон јавноста, како една од целите на терористите да ја поткопаат довербата на јавноста за сопствената безбедност. Така, објективноста треба да биде клучна кога се известува за една приказна. Медиумите треба да ги презентираат двете страни на приказната со пристојна и прецизна слика без пристрасност, така што публиката ќе може да оформи свое мислење и став за веста и / или приказната, независно од негативното влијание на медиумите. Медиумското покривање на успешните приказни треба да се балансира со покривање на приказни без шпекулации и драматизација со цел да се додаде кредибилитетот на изворот по нападот.

3. *Јасност* - Бидејќи критичен дел во борбата против тероризмот е информациската војна, суштинска цел на терористите е да ја дезинформираат јавноста и да ја искористат неизвесноста за своите дела подоцна. Со оглед на тоа, медиумите треба да обезбедат најјасни, најточни и најбалансирани информации до степен до кој е можно да се спречи погрешно толкување на инцидентите поврзани со тероризмот од страна на јавноста и владините службеници кои можат да направат неоптимални одлуки во однос на спротивставените потези. Медиумите особено треба да избегнуваат да презентираат екстремни и изразени партиски ставови за да зголемат одредини рејтинзи и пред сé да користат едноставен јазик кој може да се разбере за да не се створи паника.

4. *Селективна употреба на мека моќ* - Иако некои се залагаат за употреба на медиумски алатки за пропаганда против терористите, особено во наративната војна со радикалниот екстремизам, ова е генерално бесполезно, со оглед на тоа што медиумите имаат одредени ограничувања, правни и морални обврски, додека терористите немаат. Исто така, тоа е контрапродуктивно, бидејќи медиумската пропаганда ја засилува перцепираната моќ на терористичка организација. Со оглед на ова, медиумите можат да бидат употребени како алатка на надворешната дипломатија, наместо како пропагандна алатка со цел да се влијае врз меѓународната јавност и потенцијалните регрути. За таа цел, без пропаганда, преку „новите" и „традиционалните" медиумски алатки, екстремистичкиот наратив може да се спротивстави со подеднакво јасен и привлечен наратив за да се одбие пристапот до евентуална регрутација на нови членови во терористичките организации.

5. *Диференцијација* - Бидејќи ниту една терористичка група не е слична, медиумите треба да ги разликуваат различните видови на тероризам и терористички групи, со цел да не ја предизвикаат и мобилизираат јавноста против одредени етнички и / или верски малцинства. Таквата дихотомија може да создаде повод за социјални немири во мултикултурните општества кои не успеваат да интегрираат одредени групи и да предизвикаат понатамошни напади, бидејќи гневот и безнадежноста стануваат потенцијални сили за потенцијалните симпатизери се издигнат.

6. *Континуиран сајбер-тероризам* - Интернетот стана централен форум на глобално ниво за дебата меѓу бројните заедници кои се директно засегнати од глобалното политичко насилство. Зрелоста на интернетот создаде онлајн тероризам и им овозможи на

терористите да го користат за да регрутираат, да соберат финансиски средства и да ги шират своите пораки. Иако регулацијата на медиумите, поточно Интернетот, претставува фундаментална дилема поради вродената тензија помеѓу цензурата и демократската традиција на слободата на говорот, приватноста и слободата на печатот, клучно е да се преземат мерки за борба против сајбер-активностите на терористите . Овие мерки може да вклучуваат следење на терористичките активности на форуми и активности на социјалните медиуми со цел да се спречи ширење на радикализирачки материјали од одредени веб-сајтови. Освен тоа, донесување на закон на национално ниво е од особена важност за казна на оние што го користат интернетот за да регрутираат, обучуваат и пропагираат врз своите симпатизери, а при тоа предизвикувајќи ја јавноста, со цел да можат да се идентификуваат терористите и да се спречи инивниот потенцијален напад.

7. *Владина помош* - Начинот на кој медиумите известуваат може да влијае врз исходот на терористичките инциденти. Смислената кампања за известувањето за киднапираните понекогаш може да ги заштити животите на заложниците, првенствено за добивање на поддршка од меѓународната јавност во барањето да се ослободат киднапираните. Од друга страна, известувањето на медиумите може да го пролонгираат киднапирањето, по што терористите би можеле да го одолговлекуваат решението, сè додека публицитетот, а со тоа и вниманието на јавноста не се намали. Кога на телевизија има вести за нападот кој што е во тек, временското задоцнување во прикажувањето за она што се случува, на гледачот може да му изгледа како владата да не одговара доволно брзо на се она што се случува, па така се зголемува притисокот врз официјалните лица да ја решат ситуацијата, можеби предвреме и со опасни последици. Известувањето на медиумите, исто така, може да ја загрози или прекине антитерористичката операција, но секако истите може да придонесат и за апсење на терористите. Владите потребно е да дадат помош на медиумските органи, давајќи политички контекст за позадината на секој акт или приказна поврзана со тероризмот, бидејќи идеално крајната цел на медиумите е правилно да ја информираат публиката. За таа цел, може да се формира партнерство меѓу владата и медиумите, кое подобро ќе ја информира јавноста, побивајќи ги аргументите на терористите и лишувајќи ги од публицитетот што им треба.

## 5. Заклучок

Актуелноста на предметот на истражување кое во моментот ја заменува класичната тријада „терористи-жртви-власт" во квартет „терористи-жртви-власт-мас медиуми" заслужува комплетна и веродостојна анализа. Потребата за реална проценка на односите помеѓу современиот тероризам и медиумите е во воспоставувањето и имплементирањето на вистинската и успешна стратегија во детерминирање на сите феномени до кои ќе не поврзе истражувањето на оваа тема.

Овој труд дава преглед на современото разбирање на факторите кои влијаат на одлуките на медиумите да посветат внимание на терористичкиот напад како и појаснува за медиумското внимание кое влијае врз потенцијалните симпатизери и поддржувачи. Особено внимание беше посветено на објаснување на напорите на терористите да ја рекламираат својата кауза, нивната манипулација со масовните комуникации, потенцијалното влијание врз новите медиуми, прашањата поврзани со известувањето за терористичките акти, вклучувајќи и прашања околу одлуките за кои инциденти да се известува и како да се известува. Концептите на информацијата како моќ и медиумскиот ориентиран тероризам беа дефинирани и истражени, како одлучувачки рефлексии во разбирањето на улогата на медиумите.

Ако се постави прашањето дали медиумите им „помагаат" на терористите, одговорот може да биде различен. Логично е да се каже дека секој публицитет е добар публицитет. Оваа максима се однесува и за тероризмот, па оттука дури и да се случи подметнатата бомба да не експлодира, самиот чин на терористичкиот напад, придонесува за терористичката група да се чита и пишува. Тероризмот има несразмерно голем простор во медиумите, особено во програмата на вестите, каде во прв план тој може да се забележи во занемарените политички прашања, како пример бранот за палестинскиот тероризам кој во седумдесеттите и осумдесеттите години го привлече вниманието на светската јавност.Тероризмот исто така, може да покрене јавна дебата за одредено пршање во медиумите за двете страни: радикалните погледи на терористите од една страна и жртвите на терористичкиот напад од друга страна.

Меѓутоа, во исто време постои и сомневање дали медиумите навистина им помагаат на терористите. Нападите можат да излезат од контрола и можат да имаат непредвидени последици.

Прекумереното злосторство може да ги изгуби потенцијалните поддржувачи и симпатизери, па оттука терористичките акции ќе имаат различно значење за различната публика, па дури и кога планот на терористите се остварил во целост, тие не го контролираат и следат начинот на кој медиумите ќе известуваат. Конечно, кога ќе се употреби терминот терористи, вниманието на публиката е привлечено во однос на методите на одредена група, а не од пораките на истата. Тоа често, во очите на јавното мислење, го скратува и негира легитимитетот на целите на таа група.

Крајните цели на терористите се политички, иако некои сакаат национална независност, други се борат за промена на режимот, трети пак бараат повлекување на странските сили од земји или региони. Без оглед на нивната крајна цел, терористите знаат дека публицитетот и пропагандата се потребни средства за нивните поголеми цели.

Терористите функционираат во рамките на проминентен пристап во однос на употребата на медиумите. Разработените помошни и посебни хипотези ни помогнаа во докажувањето на основната хипотеза: Медиумите играат витална улога во стратегијата на современиот тероризам, дозволувајќи на терористите директно да ја прикажат својата порака, да ги заплашат противниците, да го прошират движењето и својата кауза, да го легитимираат движењето и своите активности. Сепак, медиумите не мораат да станат инструмент на тероризмот. Со внимателен пристап можат да се претворат во оружје што може да биде искористено како важна алатка за победа над терористите, а нивните позитивни придонеси можат да ги надминат негативните последици од можното неодговорно однесување на дел од новинарите и медиумските куќи.

Изминатиот период, терористите ја прикажаа способноста во надминувањето на националните граници, преку организирање, дејствување и оркестрирање на напади во различни земји преку терористички ќелии или поединци. Медиумите помогнаа во создавање на транснационален карактер на современиот тероризам, преку репродуцирање на пораките на терористите и несвесно станаа соучесник во главната психолошка цел на терористите, ширењето страв на глобално ниво.

Терористите сметаат дека медиумите се најголема инвестиција во остварувањето на нивниот легитимитет во рамките на општествениот ентитет, со што се создава нелегитимен простор во рамките на легитимниот ентитет. Доказ за ова тврдење се целите на терористичките напади оцелотворени во добивање публицитет.

Современиот модел на терористичката пропаганда ни покажува дека истата не служи само за ширење на основните идеи за да ги охрабрува следбениците, како што било во минатото, туку да пропише и да промовира пошироки димензии за терористичките цели. Овој случај е карактеристичен за ерата на екстремниот тероризам, познат по терористичкиот напад во САД од 2001 година.

Анализата на терористичките активности може да потврди дека во поголемиот број на истражувани случаеви, тие се изведуваат токму за да го привлечат вниманието на меѓународните медиуми, односно терористичките акти имаат за цел да предизвикаат жртви, страв кај јавноста, благодарение на медиумите кои се тука и известуваат за секој нивен терористички акт. Всушност, современите терористички групи често имплементираат стратегии кои дејствуваат за да ги задоволат барањата на медиумите, додека во исто време ги перцепираат како составен дел од непријателот кои тие сакаат да го победат и да го уништат.

Терористите ги користат сите поволности кои ги нуди интернетот и речиси е незамисливо да терористичките групи не се присутни на социјалните мрежи, како „Фејсбук", „Твитер" итн. Терористичките групи имаат нивни сопствени веб сајтови и профили на социјалните мрежи од каде комуницираат со приврзаниците и ги прикажуваат видовите на пропаганда.

На сите места во светот, архитектите на тероризмот ги користат предностите на мас-медиумите вклучувајќи го и интернетот во корист на нивните оперативни способности како: собирањето на информации, врбувањето, собирањето финансиски средства и имплементирање нови пропагандни методи.

Во иднина, технолошкиот развој ќе им овозможи реализација на терористичките акти, на начини кои претходно беа незамисливи. Терористите најдоа влијателен партнер во медиумите кој ќе им помогне да го добијат вниманието на јавноста за групата и нејзините барања.

## 6. Користена литература


1. Alexander Spencer. (2012), The Social Construction of Terrorism: Media, Metaphors and Policy Implications, *Journal of International Relations and Development*, Vol. 15, No. 3.
2. Arquilla, J., Ronfeldt, D., Zanini, M. (2006). *Networks, Netwar, and Information-Age Terrorism* (in: Howard, R., Sawyer, R. (ed.), *Terrorism and Counterterrorism*, Contemporary Learning Series, USA.
3. Article 2(b) of International Convention for the Suppression of the Financing of Terrorism, May 5, 2004.
4. Baran, Jessica. (2008). "Terrorism and the Mass Media after Al Qaeda: A Change of Course?" *The Peace and Conflict Review* 3, достапно на: http://www.review.upeace.org/index.cfm?opcion=0&ejemplar=7&entrada=63
5. Barnhurst, KG. (1991), The literature from terrorism. In A.O. Alali & K.K. Eke, *Media coverage of terrorism, methods of diffusion*, London, Sage.
6. Boaz, G. (2004). „Defining Terrorism: Is One Man's Terrorist another Man's Freedom Fighter?", преземено од Alex Schmid, Terrorism: The Definitional Problem", War Crimes Research Symposium: Terrorism on Trial.
7. Bodrijar, Ž. (2008). *Duh terorizma,* Arhipelag, Beograd.
8. Brian Jenkins. (1986). *International terrorism*, Santa Monica: Rand.
9. Burgoon, Brian (2006.) "On Welfare and Terror: Social Welfare Policies and Political-Economic Roots of Terrorism", *Journal of Conflict Resolution*, 50 (2):176-203.
10. Campo, J. E. (2009). *Encyclopedia of Islam*. Infobase Publishing. Madrid.
11. Council of Europe (2007). *Cyberterrorism – the Use of the Internet for Terrorist Purposes*, Strasbourgh.
12. Crenshaw, M. (2006). *The Logic of Terrorism: Terrorist Behavior as a Product of Strategic* Choice, in: Howard, R., Sawyer, R. (ed.), *Terrorism and Counterterrorism*, Contemporary Learning Series, USA.
13. Diaz-Paniagua (2008), *Negotiating terrorism: The negotiation dynamics of four UN counter-terrorism treatie*s, N.

14. Dimitrova, D.V. & Strömbäck, J. (2005). Mission accomplished? Framing of the Iraq War in the Elite Newspapers in Sweden and the United States. Gazette: *The International Journal for Communication Studies*, 67(5).
15. Emerson, S. (2002). '*Fund-Raising Methods and Procedures for International Terrorist Organizations.*' Testimony before the House Committee on Financial Services, Lund.
16. Entman, R.M. (1993). Framing: toward clarification of a fractured paradigm. *Journal of Communication*, 43(4).
17. Entman, Robert M. (2003). "Cascading Activation: Contesting the White House's Frame After 9/11." *Political Communication* 20.
18. Erson. N. Kurtulus. (2011), The New Terrorism and Its Critics, *Studies in Conflict & Terrorism*, Taylor and Francis Online.
19. Gabriel Weimann. (1987). Media events: the case of international terrorism, *Journal of Broadcasting & Electronic Media*, Vol.31, Taylor & Francis Online.
20. Ganor, B. (2002), *Terror as a Strategy of Psychological Warfare*, Institute for Counter Terrorism.
21. Ganor, B. (2005), *The Counter-Terrorism Puzzle. A Guide for Decision Makers*, New Brunswick USA, Transaction Publishers.
22. Glüpker, G. (2008), *Media and terrorism*. Norderstedt, Germany.
23. Gus Martin. (2011). *Essentials of Terrorism-Concepts and Controversies*, Sage Publications.
24. Hoffman, B. (1998). *Inside Terrorism*, New York, Columbia University Press.
25. Hoffman, B. (2006), *Inside Terrorism* (revised and expanded edition), Columbia University Press, NY.
26. Ignatieff, M. (1998), *Warrior's Honour: Ethnic War and the Modern Conscience*, New York, Henry Holt and Co.
27. Injac, O. (2001), *Sociološki aspekti savremenog terorizma u Evropi*, Čigoja štampa & UPNS, Beograd.
28. Jackson, G. (1990). Terrorism and the News Media. *Terrorism & Political Violence*, 2(4).
29. Jenkins, B.M. (1975). *International terrorism: A new mode of conflict*. Los Angeles: Crescent.

30. John Stuart Mill (1859). On Liberty, Chapter II of the Liberty of Thought and Discussion.
31. Juergensmeyer, Mark. (2000). *Terrorism in the Mind of God: The Global Rise of Religious Violence.* Berkeley, CA: University of California Press.
32. Karber, Philip A. (1971). "Urban terrorism: Baseline data and a conceptual framework", *Social Science Quarterly.*
33. Kern, M, Just, M., & Norris, P. (2003), The lessons of framing terrorism. In Norris, P, Kern, M & Just M (Eds.), *Framing terrorism*, London, Routledge.
34. Kimberly A. Powell. (2011). Framing Islam: A Analysis of U.S. Media Coverage of Terrorism since 9/11, *Journal Communication Studies*, Vol.62, Taylor Francis online.
35. Kushner, HW. (2000), *The Impact of terrorist events in the media on the traumatisation of society*, Vienna.
36. Laqueur, W. (2003), *No End to War: Terrorism in the Twenty-First Century*, New York, Continuum.
37. Lewis, J, (2005), *Language Wars the Role of Media and Culture in Global Terror and Political Violence*, Pluto Press, London.
38. Liang, C.S. (2015). *Cyber Jihad: Understanding and Countering Islamic State Propaganda*, GCSP Policy Paper, Geneva Centre for Security Policy, Geneva.
39. Lizardo, Omar (2008.) „Defining and Theorizing Terrorism: A Global Actor-Centered Approach", *Journal of World-Systems Research*, XIV (2): 91-118, *http://jwsr.ucr.edu/archive/vol14 /index2. Html.*
40. Manuel R. Torres Soriano. (2008). Terrorism and the Mass Media after Al Qaeda: A Change of Course? *Athena Intelligence Journal* Vol. 3, No 1.
41. Margaret Thatcher in Wilkinson, P. (2000). *Terrorism versus democracy: The liberal state response.* London: Frank Cass.
42. Marighella, C. (1969). *Mini-Manual do Guerrilheiro Urbano.* (No publisher listed, but stated as published on June 1st, 1969).
43. Michael Jetter. (2012). Terrorism and the Media, *Discussion Paper No. 8497* September 2014, Germany.
44. Miller, A. (ed.) (1982). *Terrorism, the Media, and the Law.* Dobbs Ferry, NY: Transnational.

45. Nacos, B.L. (1996). *Terrorism and the Media: From the Iran Hostage Crisis to the Oklahoma City Bombing.* New York: Columbia University Press.
46. Nacos, BL, (2007), *Mass-Mediated Terrorism*, 2nd Edition, Lanham, MD, Rowman & Littlefield.
47. Nacos, BL. (2002), *Mass-Mediated Terrorism. The Central Role of the Media in Terrorism and Counterterrorism*, Maryland, Rowman & Littlefield Publishers.
48. Nacos, Brigitte L. (1994). *Terrorism and the Media: From the Iran Hostage Crisis to the World Trade Center Bombing.* New York: Columbia University Press.
49. National Geographic, (24.10.2003), „Што џихадот навистина значи за муслиманите?", достапно на: http://news.nationalgeographic.com/news/2003/10/1023_031023_jihad.html
50. Paul Wilkinson. (2003). 'Why Modern Terrorism? Differentiating types and distinguishing ideological motivations' in Charles W. Kegley Jr. (eds.) *The New Global Terrorism: Characteristics, Causes, Controls* (USA: Pearson Education.
51. Picard, R.G. (1993). *Media Portrayals of Terrorism: Functions and Meaning of News Coverage*. Ames: Iowa State University Press.
52. Rainey, J. (2005), 'Unseen Pictures, Untold Stories', *Los Angeles Times*.
53. Russell D Howard, Reid L Sawyer. (2006). *Terrorisam and Counterterrorism: Understanding the New Security Environment*, Dubuque, Iowa: McGraw Hill Contemporary Learning Series.
54. Samuel R. Shubert. (2005). *the Asymmetry of Political Violence: Terror and the Terrorist*, The Austrian National Defence Academy.
55. Schmid, A.P. (1989). Terrorism and the media: The ethics of publicity. *Terrorism and Political Violence, 1*(4).
56. Seib, P & Janbek, DM. (2011), *Global terrorism and new media: the post Al-Qaeda generation*, Routledge, New York.
57. Stahelski, A. (2005). *Terrorists Are Made, Not Born: Creating Terrorists Using Social Psychological Conditioning, Cultic Studies Review, Vol. 4, No. 1,* Washigton DC.
58. Stefan Mair. (2003). *The New World of Privatized Violence*, IPG 2.
59. The United Kingdom's Strategy (2006), *Countering International Terrorism*, UK Home Office, London.

60. Tilly, Charles (2005.) "Terror as Strategy and Relational Process", *International Journal of Comparative Sociology*, 46 (1-2):11-32.
61. Tuman, JS. (2003), *Communicating Terror: The Rhetorical Dimensions of Terrorism,* London, SAGE Publications.
62. UNDOC (2012), *The Use of the Internet for Terrorist Purposes*, United Nations, NY.
63. UNESCO (United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization (2014). *World trends in freedom of expression and Media development*, UNESCO Publishing, France.
64. Uribe, R. & Gunter, B. (2007). Are `Sensational' News Stories More Likely to Trigger Viewers' Emotions than Non-Sensational News Stories? A Content Analysis of British TV News. *European Journal of Communication*, 22(2).
65. Walsh, JI (2010), *Media Attention to Terrorist Attacks: Causes and Consequences*, Institute for Homeland Security Solutions.
66. Weimann, Gabriel. (1986), "The mediated theater of terror: Must the show go on?" in: Peter Bruck (Ed.), *The news media and terrorism*, Carlton University Press, Ottawa.
67. Wieviorka, M. (2004), *The making of Terrorism*, Chicago, The University of Chicago Press.
68. Wilkinson, P. (1997), The media and terrorism: a reassessment, *Terrorism and Political Violence*, 9, 2.
69. Wilkinson, P.(2002), *Terorizam protiv demokracije,* Golden Marketing, Zagreb.
70. Xu, Jennifer Jie; Chen, Hsinchun (2008): Understanding the Nexus of Terrorist Web Sites. In: Hsinchun Chen; Christopher C. Yang (Eds.): *Intelligence and Security Informatics: Techniques and Applications.* (Studies in Computational Intelligence, Vol. 3). Berlin: Springer, 65-78. http://dx.doi.org/10.1007/978-3-540-69209-6_4
71. Zinovjev, A. (2003). *Slom ruskog komunizma*, BIGZ Publishing, Beograd.
72. АлЏезеира, (7 јули 2014), „Муслиманските лидери го одбиваат калифатот на Багдади (http://www.aljazeera.com/news/middleeast/2014/07/muslim-leaders-reject-baghdadi-caliphate-20147744058773906.html)
73. Економист, (април 2004), „Удар од силите на злото", достапно на: http://www.economist.com/node/2610231.

74. Жарко Пуховски. (2011), Постмодерен сендвич:човековите права меѓу тероризмот и безбедносната политика на почетокот на новиот милениум, *Безбедносни дијалози*, бр.2, Филозофски факултет, Скопје.
75. Злате Димовски, Ице Илијевски. (2011). *Меѓународен тероризам*, Факултет за безбедност, Скопје.
76. Иванка Додовска (ур.). (2014). *Кризите на модерниот свет,* Фондација Конрад Аденауер, претставништво во Република Македонија Здружение на граѓани Институт за цивилен развој и политолошки анализи – Скопје, достапно на: http://www.kas.de/wf/doc/kas_40236-1522-2-30.pdf?15012615092.
77. Извадок од Прирачник за едукација од областа на човековите права. (2014). European Training and Researh Centre for Human Rights and Democracy, достапно на: etc-graz.at
78. Индепендент, (25 септември 2014) „ИСИС е навреда за исламот“, достапно на: (http://www.independent.co.uk/news/world/middle-east/isis-is-an-offence-to-islam-says-international-coalition-of-major-islamic-scholars-9756255. html)
79. Македонски институт за медиуми и Институт за демократија „Societas Civilis“. (2010). *Прирачник за наставници, за изучување на медиумската писменост во наставата по мајчин јазик*, Македонски институт за медиуми, Винсент графика, Скопје.
80. Митко Котовчевски. (2003). *Современ тероризам*, Македонска цивилизација, Скопје.
81. Си-ен-ен, (17 октомври 2012), „Кои се пакистанските талибанци?“ – репортажа, (http://edition.cnn.com/2012/10/17/world/asia/pakistan-taliban-profile/) .ИЈ Ривју, 16.10.2014 г, Лондончани демонстрираат во знак на нивната шокирани од ИСИС: Бруталност која лесно нема да се зборави (http://www.ijreview.com/2014/10/188652-londoners-get-shocking-demonstration-isis-brutality-way-easy forget/)религиозните малцинства...“
82. Тања Милошевска. (2016) *Модели на поврзаност на тероризмот и на транснационалниот организиран криминал*, Филозофски факултет, Мар-Саж, Скопје.

83. Тања Милошевска. (2018). *Глобален тероризам,* Филозофски факултет, Мар-Саж, Скопје.
84. Флориан Ќехала Флориан и Скендер Пертеши. (2018). *Неистражена врска: Прашањата на радикализам и насилен екстремизам во Македонија,* Косовски центар за безбедносни студии, The Balkan trust for democracy.